## Подрачје 2: Постигања на учениците

| **Индикатори за подрачјето:** | | |
|---|---|---|
| **Собирање податоци** | | |
| **Индикатор 2.1Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Е-дневник;<br><br>записници од родителски состаноци;<br><br>анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување; | Следење на постигањата<br>На учениците од<br>Различен пол и јазик на<br>Наставата според<br>Наставни предметии<br>Според квалификациски<br>периоди | Во учебните 2022 /2023 година и 2023 /2024 година, во училиштето континуирано се следат постигањата на учениците и се преземаат конкретни активности за подобрување на истите. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и по етничка припадност по сите наставни предмети на крајот од првото тримесечие, првото полугодие, третотто тримесечие и крајот на учебната година. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата,по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување.<br>Согласно Законот за Основно Образование (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/19 и 229/20), постигањата на учениците во училиштето се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки. Во првиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки. Ученикот на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки.<br>Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни и бројчани оценки.<br>Ученикот на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.<br>Во третиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки.<br>Ученикот на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани |

оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.
Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити.
Во првиот период, постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно. Во вториот и третиот период, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано. Учениците кои следат настава според модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати. Начинот на оценување на учениците со попреченост го прилагодуваме согласно со нивните потреби. Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование.

**Општ успех во учебните 2022/2023 и 2023/2024 година**

| **УЧЕБНА ГОДИНА** | **2022/ 2023** | **2023/ 2024** | ***Разлика*** |
|---|---|---|---|
| **ПОЛУГОДИШЕН УСПЕХ** | 3.40 | 3.33 | *0.07* |
| **УСПЕХ НА КРАЈ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА** | 3.86 | 3.64 | *0.22* |
| **КОЕФИЦИЕНТ НА УСПЕХ** | 0.46 | 0.31 | *0.15* |

Може да се истакне дека успехот постинат за двата квалификациони периоди во учебната 2023/2024 година е намален во однос на учебната 2022/2023. Полугодишниот успех во учебната 2023/2024 е за 0.07 помал од полугодишниот успех во учебната 2022/2023, додека за 0.22 помал успех е постигнат на крајот на учебната 2023/2024 од учебната 2022/2023. Сето ова укажува дека учениците постигнале незначително повисок успех во учебната 2022/2023 година.

Коефициентот на успех во учебната 2023/2024 година е за 0.15 помал од коефициентот на успех во учебната 2022/2023, ова е уште еден показател дека во учебната 2022/2023 учениците постигнале повисок успех во второто полугодие во споредба со учебната 2023/2024.

**Преглед на редовноста на учениците по пол за учебните 2022/2023 и 2023/2024 година**

| Учебна година | 2022/2023 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Квалификацион период | полугодие | | | крај на учебната година | | |
| Пол | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ |
| Оправдани | 2725 | 2371 | **5096** | 3931 | 4139 | **8070** |
| Неоправдани | 3452 | 3979 | **7431** | 6021 | 6288 | **12309** |
| Вкупно изостаноци по пол | **6177** | **6350** | **12527** | **9952** | **10427** | **20379** |

| Учебна година | 2023/2024 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Квалификацион период | полугодие | | | крај на учебната година | | |
| Пол | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ |
| Оправдани | 1986 | 1658 | **3644** | 4162 | 2882 | **7044** |
| Неоправдани | 3611 | 4048 | **7659** | 6243 | 5790 | **12033** |
| Вкупно изостаноци по пол | **5597** | **5706** | **11303** | **10405** | **8672** | **19077** |

Погоре дадените табели даваат преглед на изостаноците по пол за двете учебни години во различни квалификациони периоди.

**Општа споредба на изостаноци по квалификациони периоди за двете учебни години**

Во учебната 2023/2024 бројот на изостаноци на **полугодие** е за 1224 помал од бројот на изостаноци во учебната 2022/2023 година. Во учебната 2023/2024 година

| | | |
|---|---|---|
| | | бројот на оправдани изостаноци на полугодие е за 1452 помал од бројот на оправданите изостаноци на учениците на полугодие во учебната 2023/2024, додека бројот на неоправдани изостаноци е за 228 поголем во учебната 2023/2024 година.<br>На **крајот на учебната** 2023/2024 бројот на изостаноци е за 1302 помал од бројот на изостаноци во учебната 2022/2023 година. Незначителна разлика од 276 неоправдани изостаноци повеќе во учебната 2022/2023, а значителено поголем број вкупно 1026 на оправдани изостаноци во учебната 2022/2023 година.<br>**Споредба на изостаноците по пол на полугодие и крај на учебните 2022/2023 и 2023/2024 год.**<br>Во однос на прегледот на изостаноците по пол на **полугодие** за двете учебни години, може да се истакне дека и во двете учебни години не постои значителна разлика помеѓу момчињата и девојчињата. Но и во двете учебни години се гледа благо покачување на бројот на изостаноци на полугодие кај девојчињата, поконкретно во учебната 2022/2023 момчињата имаат за 173 изостаноци помалку од девојчињата, а во учебната 2023/2024 за 109.<br>На крајот на учебната 2022/23 девојчињата како на полугодие така до крајот имаат поголем број на изостаноци односно за 475 изостаноци повеќе од момчињата. Оваа состојба е променета во учебната 2023/24 каде момчињата на крајот на учебната година имаат за 1733 изостаноци повеќе од девојчињата, ова е показател дека во второто полугодие во учебната 2023/2024 момчињата имаат поголем број на отсуства.<br>Во двете учебни години за сите квалификациони периоди бројот на неоправдани изостаноци е поголем од бројот на оправдани изостаноци, ова секако е поврзано со осипаните ученици односно ученици кои во континуитет подолго отсуствуваат од настава. За овие ученици се постапува согласно Законот за основно образование и се превземаат адекватни активности во насока на подобрување и надминување на оваа состојба. |

анализи на резултати од екстерни тестирања; анкети со ученици, наставници, родители;

интервјуа со стручни соработници, директор.

**Преглед на изостаноците за двете полугодија во учебните 2022/2023 и 2023/2024**

| 2022/2023 | I полугодие | II полугодие | крај на година |
|---|---|---|---|
| оправдани | 5096 | 2974 | 8070 |
| неоправдани | 7431 | 4878 | 12309 |
| Вкупно | 12527 | 7852 | 20379 |

| 2023/2024 | I полугодие | II полугодие | крај на година |
|---|---|---|---|
| оправдани | 3644 | 3400 | 7044 |
| неоправдани | 7659 | 4374 | 12033 |
| Вкупно | 11303 | 7774 | 19077 |

Од погоре дадените табели може да се истакне дека во двете учебни години бројот на изостаноци во второто полугодие е помал од бројот на изостаноци во првото полугодие. Во учебната 2022/2023 бројот на изостаноци е намален за 4675 изостаноци, додека во учебната 2023/2024 е помал бројот на изостаноци за 3529 во однос на прво полугодие.

На крајот на прво **полугодие** во учебната 2022/2023 година највисок просек е постигнат по предметот етика (4.47), додека најслаб успех учениците постигнале по предметот физика (2.17). На крај на прво полугодие во учебната 2023/2024 година најдобар успех е постигнат по предметот физичко и здравствено образование (4.32), додека најслаб успех учениците постигнале по наставниот предмет физика (2.23).

Како на полугодие така и на ***крајот на учебните години*** учениците покажуваат најдобри резултати по предметот етика, и тоа во 2022/2023 година со постигнување од 4.69, а во 2023/2024 година со постигнување од 4.36. Најслаб успех на крајот на двете учебни години е постигнат по предметот физика и тоа во учебната 2022/2023 година 2.78 и 2023/2024 2.97.

Ако се разгледа средниот успех по предмети на **полугодие** за двете учебни години може да се согледа дека по предметите: географија за 0.32, иновации за 0.22 и историја за 0.09 е постигнат **повисок успех во учебната 2023/2024** од успехот на учениците на полугодие во учебната 2022/2023. Опаднат успех за овој квалификационен период во

| | | |
|---|---|---|
| | | учебната 2023/2024 има по предметите: етика за 0.52, биологија за 0.42 и информатика за 0.35 постигнат помал успех во однос на учебната 2022/2023.<br>Ако се разгледа средниот успех по предмети на **крај на учебните години** може да се согледа дека по предметите: историја и општество за 0.32, хемија за 0.28 и физика за 0.19 е постигнат подобар успех во учебната 2023/2024 од учебната 2022/2023. Додека по предметите техничко образование и информатика за 0.81, информатика за 0.61 и граѓанско за 0,48 има намалување на успехот во учебната 2023/2024.<br>Бидејќи изборните предмети се различни секоја учебна година нема можност за соодветна споредбена анализа. Во секој случај можеме да кажеме дека по изборните предмети учениците редовно постигнуваат повисоки резултати, а со тоа се потврдува дека предметите ги задоволуваат интересите на учениците. |
| | Резултати од екстерни тестирања | Резултатите од последните тестирања: државно тестирање кај петто одделенците и студиите/извештаите за резултатите од меѓународно оценување (ТИМСС) се прибираат, но не се анализираат, бидејќи училиштето нема добиено повратен одговор од соодветните институции.<br>Триангулација на податоци од анкетите со ученици, родители/старатели и наставници во однос на прашањето за *подобрување на училишниот успех:*<br>68,5% од учениците *целосно се согласуваат* дека наставниците постојано ги поттикнуваат на подобрување на училишниот успех; 27,8% од учениците *се согласуваат,* 1,9% *не се согласуваат* дека наставниците постојано ги поттикуваат на подобрување на училишниот успех и 1,9% *не знаат, немаат информација.*<br>Во однос на ова прашање 53,1% од родителите/старателите *целосно се согласуваат* дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивното дете; 34,4% *се согласуваат*, 3,1% *не се согласуваат*, 6,3% *воопшто не се согласуваат* и 3,1% *не знаат, немаат информација*.<br>50% од наставниците *целосно се согласуваат* дека им даваат јасни насоки на родителите/старателите како да го подобрат успехот нивните деца и 50% *се согласуваат.*<br>Според горенаведените податоци училиштето посветува внимание на подобрување на училишниот успех. |

| | | |
|---|---|---|
| | Идентификување и<br>Поддршка на учениците<br>Со тешкотии во учењето,<br>На надарените ученици и<br>на учениците со<br>попреченост | Во училиштето по процедурата за идентификација на деца со посебни образовни потреби, се изготвува програма за работа и индивидуален образовен план за секој ученик со посебни образовни потреби за кој што има соодветна медицинска белешка.<br><br>За поддршка на учењето за надарените ученици и учениците со попреченост, училиштето обезбедува:<br><br>Примена на методолошките постапки за препознавање и идентификација на надарените ученици: опсервација на процесите кои се одвиваат при учење на одредени содржини во или надвор од училиштето; опсервација на изведба или на продукти од одредена област; резултати од примена на психометриски инструменти;<br><br>Самопроцена на потенцијално надарените ученици, проценка од страна на родителите, наставниците и врсниците;<br><br>Планирање, реализација и вреднување на диференцирана настава;<br><br>Програми за работа со надарени и талентирани ученици по одделни наставни предмети/планирање и реализација на додатна настава;<br><br>Водење евиденција - педагошко досие за учениците;<br><br>Давање поддршка на учениците и нивните родители/старатели;<br><br>Стручно усовршување на наставниците;<br><br>Соработка со локалната заедница, институции и специјализирани здруженија.<br><br>формирање на Училишен тим за инклузија, согласно ЗОО<br><br>обезбедување услови за подобра реализација на образовниот процес што ќе одговара на потребите на сите ученици<br>анализа на актуелната состојба во училиштето, идентификација на децата со потешкотии и потребите за додатна поддршка/планирање и реализација на дополнителна настава<br>планирање, реализација и вреднување на диференцираната настава<br>функционирање на инклузивни тимови за индивидуална работа со ученици/изготвувањето и примена на индивидуален образовен план (ИОП), следење на реализацијата на ИОП и евалуација<br>водење евиденција – педагошки профил на ученикот со посебни образовни потреби |

| | | |
|---|---|---|
| | | давање поддршка на учениците со посебни образовни потреби и на нивните родители<br>организирање/реализирање интерни обуки за наставниците што работат со ученици со ПОП<br>стручното усовршување на наставниците<br>соработка со Општина, стручни институции и специјализирани здруженија<br>соработка со родителите на учениците со ПОП, како и со други лица по предлог на родители<br><br>Освен ученици со развојни потешкотии, во училиштето има ученици со потешкотии во учењето како последица од лоши материјални услови и социо-емоционална депривација, покажуваат заостанување во психофизичкиот и социо-емоционалниот развој со што се наметнува потреба и се реализирани часови од дополнителна работа со педагог и психолог.  За 28 ученици со ПОП стручните соработници реализираат организирана индивидуална поддршка во насока на развивање и зајакнување на нивните функционалности и капацитети за процесот на учење. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката  континуирано во текот на учебната година  го известува ученикот за неговото напредување и постигања по секој одделен наставен предмет. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката го известува и родителот, односно старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови и по потреба на родителот/старателот. |
| **Постигања на учениците**<br>**Мерки за подобрување на постигањата** | | |

| Индикатор2.2Мерки за подобрување на постигањата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Распоред и списоци за дополнителна и додатна настава;<br><br>Е-дневник; извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата.<br><br>Записници од советувања на родители и ученици; | Редовност во наставата | Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Се врши едукација на учениците од страна на класните раководители за важноста на континуирано следење на наставата од страна на учениците. - Постојани контакти постојат на класните раководители со родителите на учениците кои отсуствувале од наставата за причините на нивното отсуство. -Задолжително барање на медицинска белешка за потврдување на причините поради кое ученикот не бил во можност да ја следи наставата. Во учебната година 2022 /2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува изостаноци од кои се неоправдани. Во учебната 2023 /2024 година вкупниот број на изостаноци е изостаноци, од кои се оправдани и неоправдани. Училиштето води редовна и уредна евиденција за изостаноците на учениците. Има политика на бележење и следење на изостанувањата.<br><br>За учениците роми училиштето редовно го контактира доделениот ромски образовен медијатор, за вклучување во поддршката за редовно посетување настава и подобрување на училишниот успех на учениците. Но, повратната информација од образовниот медијатор до училиштето е на најниско можно ниво.<br>Училиштето исто така соработува и со ромски невладини организации кои помагаат во информирањето за неопходноста од редовно образование и задолжителните законски обврски на родителите/старателите.<br>Психологот и наставници од училиштето редовно вршат посети на терен за подобрување на редовноста на учениците.<br><br>Дополнителна настава се организира за ученици кои имаа потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети, за ученици кои покажуваат континуирано или периодично слаби резултати и вештини во учењето, а особено учениците кои имаат најмалку две слаби оценки и на барање на ученикот или неговиот родител, односно старател.<br>Наставниците ја реализираат дополнителната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците ја организираат и реализираа дополнителната настава со група од најмногу десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделние. Начинот на работа на наставниците на часот за дополнителна настава е индивидуална/индивидуализирана работа, а по потреба, наставниците ја организираат дополнителната настава со групна форма на работа, за учениците кои имаат потешкотии во постигањето на очекуваните резултати.<br>Училиштето на месечна основа истакнува распоред за дополнителна настава на видно место, огласна табла и на веб страницата на училиштето.<br><br>Реализацијата на дополнителната настава редовно се евидентира во формуларот за педагошка евиденција за дополнителна настава и во е-дневникот<br>Од анализата на извештаите за реализирана дополнителна настава и ученици кои ја посетуваат, се забележува дека е поголем бројот на ученици од ромската етничка припадност на кои им дава помош и поддршка во совладувањето на наставните содржини по македонски јазик и математика. Резултатите од дополнителната настава не се многу видливи поради нередовноста на учениците и во дополнителната настава како и задолжителната настава.<br>Учениците кои покажуваат високи постигања, интерес за проширување на знаењата од определени области од наставните предмети, училиштето ги поттикнува да земаат учество на натпревари: општински, градски и државни, - учество на конкурси кои се организираа на ниво на општина и пошироко, научни екскурзии, посети на научни саеми, училишни работилници и др.<br><br>Додатната настава се реализира во согласност со наведените Правилници за организацијата и начинот на спроведување. Акцент на работата е ставен на работа со: напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет, ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма и ученици што се пријавуваат за учество на натпревари.<br>Училиштето на месечна основа изготвува распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница.<br><br>Реализацијата на додатната настава редовно се евидентира во формуларот за педагошка евиденција за додатна настава и во е-дневникот |

| | | |
|---|---|---|
| | | На талентираните и надарени ученици во нашето училиште им се обрнува особено внимание. Наставниците по соодветните предмети работењето со талентираните и надарени ученици го реализираа според програмата за работа за додатна настава. Во текот на учебната година учениците земаа учество на литературни конкурси и ликовни и музички натпревари кои се организираа на општинско, регионално, градско, државно и меѓународно ниво. |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за<br><br>што води уредна документација, ги известува надлежните институции (ЦСР, ДПИ...), реализира посети на терен, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.<br><br>Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку: ученикот има повеќе од три негативни оценки, има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци, ако учениците имаа недолично однесување.<br>На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба да присуствува на советувањето добива покана најмалку осум дена пред одржувањето на истото. Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители.<br><br>Советувањата на родителите/старателите кои ги врши психологот во училиштето, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето. |
| | Подобрување на Постигањата на Учениците преку Редовната и Дополнителната настава | Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области. Додатната настава интензивирано се реализира пред учеството на учениците на натпревари. Учениците редовно учествуваат на организирани натпревари на општинско, регионално и државно ниво и имаат освоено значителен број награди, пофалници, пехари и дипломи. Во учебната 2022/2023 година учениците освоиле 6 награди на општински натпревари, 5 награди на регионални натпревари, 2 награди на државни натпревари и 9 награди на меѓународно ниво. Голем број од наставниците се консултираат со стручните соработници за подобрување на постигањата на учениците.<br>Следењето на постигањата на учениците е континуирано и разработено во |

| | | |
|---|---|---|
| | | компаративните анализи од еден во друг циклус на образование во училиштето. Преку сеопфатниот увид во постигањата на учениците проверени преку интерни тестирања, училиштето планира и превзема активности за подобрување на постигањата на учениците. Реализирани се интерни обуки за наставници за подобрување на работата со учиници по ПОП, како и за подобрување на менталното здравје на учениците и соодветна реакција при ситуации на состојба на криза. |

**Подрачје2:Постигања на учениците**

Опис/резиме на подрачјето

Во училиштето според статистичките податоци за последните две учебни години се постигнуваат релативно задоволителни резултати со оглед на социо-економската структура на населението и специфичните културни и воспитни навики.
Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години.
Постои политика за опфат на сите ученици кои припаѓаат на реонот преку различни активности, програми и планови на училиштето: посети на семејства, писмени покани, кампањи за упис, поддршка и соработка со локалната самоуправа. Континуирано се следи осипувањето на учениците, се анализираат причините и во соработка со локалната самоуправа се спроведуваат активности на терен особено за учениците од ромската заедница Во училиштето се резлизираат проекти преку кои кај учениците се развиваат креативни особини и ги продлабочуваат нивните знаења во реализација на наставните програми заедно со наставниците. Постигнувањата на учениците се објавуваат на огласната табла, на веб страната на училиштето, на социјалните мрежи и весникот од локалната самоуправа, а се со цел да се развие желбата и интересот за културно-уметничка активност и меѓусебна соработка и дружење на учениците, особено меѓу спортските активности. Во училиштето е обезбедена  соодветна помош и поддршка и за учениците со посебни образовни.

Редовно се следат постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, се донесува план со активности за подобрување на постигањата и квартално се разгледуваат постигањата од планот. Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира.
Училиштето беше вклучено во меѓународно тестирање во 2023 (IVодделение) и 2024 (V одделение) годинаТИМСС 2023 и 2024, за предметите математика и природни науки, но резултатите од ова тестирање сеуште училиштето ги нема добиено. Училиштето исто така беше вклучено во 2023 (V одделение) година, во државно тестирање по предметите математика и мајчин јазик.
Во училиштето редовно се спроведува процедура за идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост е. Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето треба има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето се покажува согласност и испитаниците се согласуваат дека училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици.
Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, а за учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошки мерки, според интерниот плавилник за педагошки мерки, се вршат советувања на учениците и нивните родители/старатели и доколку и тоа не даде резултати се соработува со надворешни институции како што се Центар за социјални работи, Министерство за внатрешни работи илокална самоуправа ( оддел за образование, ДПИ.

Советување на родители/старатели и ученици - Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку: ученикот има повеќе од три негативни оценки, има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци, ако учениците имаат недолично однесување. На родителите им се испраќаат покани, секој родител/старател кој треба да присуствува на советувањето добива поканaнајмалку осум дена пред одржувањето на истото. Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.
Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава - Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето.
Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата.

**Силни страни**

Во училиштето се применува процедура за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби.

Учениците со помош на наставниците се вклучени во проекти и вонннаставни активности (културни и спортски), преку кои се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.
Училиштето има воспоставена соработка со родителите преку организирани трибини, предавања, работилници, обуки.
Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците.
Секое тримесечие се прави анализа на успехот и поведението на учениците и се врши споредба со претходното тримесечие или со претходната учебна година.
Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност.
Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни ученички активности.
Родителите навремено се известуваат за редовноста и постигањата на учениците.
Училиштето има критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите,  пропишани од БРО.
Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи форми и методи во наставата.
Средбите со родителите добро се организирани, а за постигањата на учениците родителите добиваат евидентни листови, свидетелства,  дипломи.
Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, одделенските и предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.
Учениците кои постигнуваат успех на натпревари се наградуваат со дипломи и пофалници.
Посетата на дополнителната настава влијае за подобрување и продлабочување на знаењата на учениците.
Наставниците, родителите и учениците остваруваат одлична комуникација и соработка во реализирање на наставата.

**Слаби страни**

Недоволна посетеност од учениците на часовите за додатна настава поради обемноста на наставните програми и бројот на часови, како и вонучилишните активности (јазични курсеви, спортски тренинзи, приватни часови итн.).

Инклузијата на деца со посебни потреби во воспитно образовниот процес освен секундарната социјализација не допринесува во доволна мера за развој на децата со посебни потреби.

Расте бројот на ученици со потешкотии и посебни образовни потреби, а одредени ученици со потешкотии во учењето немаат наод и мислење од соодветни здравствени установи.

Некои родители/старатели одбиваат да ги прифатат насоките дадени од стручната служба и наставниците со што се усложнува целиот образовен процес.

Недостаток на образовни и лични асистенти.

Повремено неевидентирање на неоправданите изостаноци направени од доцнење поради недостаток на стабилен интернет или преоптовареност на електронскиот дневник.

**Приоритети**

Организирање на обуки на наставници за работа со инклузирани ученици и со талентирани ученици.

## Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

Анкетирани се анонимно 54 родители на ученици од второ до деветто одделение, 54 ученици од четврто до деветто одделение и 28 наставници. , еден стручен соработник и еден директор.

Прашалникот содржи 6 прашања на кои учениците го изјаснија следново:

Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште.

54 responses




Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех.

54 responses



Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава

54 responses




Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини

54 responses



Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови.

54 responses




Дали некој несоодветно се однесувал со тебе на училиште?

54 responses




Прашалникот за родители содржи 4 прашања на кои родителите се изјаснија на следниот начин:

Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете

32 responses




Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете

32 responses



Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете

32 responses




На моето дете во училиштето му е  овозможена  дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа

32 responses



Ве молиме искористете го просторот подолу за дополнително образложение на прашањата. Исто така, можете да додадете други ваши коментари за  училиштето.

Ok е

Целиот колектив во училиштето е транспарентен кон родителуте за секоја област, целосно е посветен кон едукација на учениците.

Немам коментар

Немам прашања и коментари

Прашалникот за наставниот кадар  содржи  4 прашања на кои наставниците  се изјаснија на следниот начин:



Успевам да ги идентификувам надарените ученици

22 responses




Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети

22 responses



На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето

22 responses




Прашалникот за стручен соработник содржи 7 прашања на кои стручниот сорботник го изјави следново:

Училиштето прибира податоци за постигањата на учениците, истите ги анализира, според пол и јазик на наставата, по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди. Учеството и постигањата во вonнаставните активности континуирано се следи и евидентира.Според резултатите од податоците ,учениците имаат добри постигања, но со поголема концентрација и ангажираност од страна на учениците постигањата би биле повисоки. Резултатите од надворешните тестирања (државни и меѓународни) се анализираат и соодветно се подобрува наставата. За учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост или пак за учениците со надмината возраст кои се подоцна вклучени во настава, истите се идентификуваат и следат според пропишани проведури и добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата. Училиштето било вклучено и во државно и во меѓународно тестирање, постигањата се ниски, по направената анализа потребни се поголема работа од страна на учениците, поголема ангажираност на нивните родители околу контрола врз домашните обврски на нивните деца и поголема ангажираност на наставниците за подобрување на успехот. По идентификација на учениците преку соодветни инструменти за проценка од страна на наставниците, стручните соработници во училиштето или тело за проценка на потешкотии во учењето на учениците им се дава соодветна стручна поддршка од психолог, педагог или дефектолог. Во учебната 2023/2024 година на учениците на кои им е потребна и доделена образовна асистенција од страна на тело за проценка (МКФ), но истата не е добиена од страна на ОУРЦ. Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите, врши чести посети на терен, соработува со: институциите (МТСП, ДПИ, центри за социјална работа, МВР и др.), граѓански организации, локална самоуправа..., за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Според програмата за советување на родители/старатели и ученици, училиштето ги реализира советувањата за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, го следи подобрувањето на резултатите од советувањето, редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата и посетите на терен во најголем дел придонесуваат за

| |
|---|
| подобрување на успехот, редовноста и однесувањето. |
| Прашалникот за директор содржи 7 прашања на кои директорот го изјави следново:<br>Училиштето континуирано прибира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди.Според податоците учениците од женскиот пол постигнуваат подобри резултати. За подобрување на евентуалните недостатоци во училиштето се организира дополнителна настава. Од резултатите на нашето училиште кои се постигнати во државно тестирање/меѓународни оценувања не ги задоволуваат нашите желби, се стрмиме кон повисоки цели. Во процедурите за идентификување на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост учествуваат наставниците и стручните соработници. Во однос на редовноста на учениците сум делумно задоволна бидејќи голем дел од учениците се редовни , и редовно се контактираат родителите на учениците кои не се редовни . Советувањата на родители и ученици редовно ги спроведува психологот, ефектите од советувањата врз подобрување на редовноста, успехот и однесувањето често ја постигнуваат посакуваната цел. |

## Подрачје3:Училишна клима и односи во училиштето

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **Училишна клима**<br><br>**Еднаквост и правичност**<br><br>**Партнерски однос со заедницата**<br><br>**Севкупна грижа за учениците** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор3.1Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Документи**<br>Правилник за изрекување педагошки мерки<br>Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основното образование<br><br>**Извори на податоци**<br>Кодекс на однесување; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето; куќен ред на училиштето; пофалби, награди, признанија и др.; написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи; решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, | Углед/имиџ на училиштето | Училиштето е добро препознатливо во локалната средина по своите постигања и активната соработка со локалната заедница. Покрај редовната настава, училиштето спроведува и богата програма на воннаставни активности, што дополнително го зацврстува неговото етаблирање во локалната заедница и го прави препознатливо и почитувано.Овие активности вклучуваат културни, спортски, уметнички, и научни проекти, кои имаат за цел да ги развијат талентите и интересите на учениците, истовремено зајакнувајќи ја нивната самодоверба и вештини за работа во тим.За да ги афирмира и промовира активностите кои ги имплементира, училиштето успешно користи различни медиуми и комуникациски канали. Официјалната интернет-страница на училиштето редовно се ажурира со информации за тековните и идните настани, додека активностите и успесите на учениците се истакнуваат и на социјалните мрежи. Покрај ова, училиштето има посебно ученичко катче, каде што учениците можат да ги презентираат своите проекти и достигнувања, што дополнително ја поттикнува нивната мотивација и училишна култура. Училиштето е посветено во развојот на својот углед преку одржувањето на транспарентна и отворена комуникација, училиштето постигнува значајно влијание во заедницата, не само преку образованието, туку и преку градење на позитивни вредности и поттикнување на активна граѓанска свест кај младите. |
| | Кодекс на однесување | Училиштето има кодекс на однесување кој поставува јасни принципи и правила за однесување на сите структури во училиштето. Овој кодекс е изработен со активно учество на претставници од сите засегнати страни, вклучувајќи ученици, наставници, родители и административен персонал, осигурувајќи дека сите гласови се слушнати и земени предвид. Усвојувањето на кодексот се одвива низ транспарентна процедура, што дополнително ја зајакнува довербата во неговата имплементацеија. Училиштето исто така има детално пишани процедури за постапување во случаи на прекршување на принципите и правилата пропишани со кодексот. Овие процедури се јасно дефинирани и практично спроведувани, со бројни примери кои покажуваат ефективност во нивното имплементирање. Преку спроведувањето на овие процедури, училиштето осигурува дека сите прекршувања се третираат правично и |

| | | |
|---|---|---|
| одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | | соодветно, поттикнувајќи дисциплина и одговорност кај учениците. Покрај тоа, училиштето има воспоставено редовни процедури за ажурирање на содржината на кодексот на однесување. Овие ажурирања се спроведуваат со вклучување на сите засегнати страни, обезбедувајќи дека кодексот останува релевантен и усогласен со тековните потреби и вредности на училиштето и заедницата. Овој процес на постојано ревидирање и подобрување на кодексот придонесува за одржување на воспоставените стандарди на однесување и позитивната училишна култура. Имено, во прилог на ова се резултатите добиени од спроведеното истражување според кои 98,3% од родителите се запознаени со кодексот на однесување во училиштето а 84,61% од наставниците земале учество во изготвувањето на кодексот. Исто така, 83% од наставниците сметаат дека во училиштето се почитува кодексот на однесување, и се постапува по истиот. |
| | Училишна клима | Меѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување и активна вклученост во сите училишни активности. Во училиштето владее професионална соработка меѓу вработените, каде што наставниот кадар, како и останатите вработени, заеднички придонесуваат за одржување на позитивна и поттикнувачка атмосфера.Училиштето е мултикултурна средина каде што учат ученици од македонска, ромска и албанска националност. Активно се работи на негување и унапредување на мултикултурниот дијалог, создавајќи средина во која се почитуваат и ценат различните културни позадини на учениците. Вработените активно ги упатуваат учениците да се грижат едни за други , поттикнувајќи ги да развиваат чувство на одговорност и заедништво. Благодарение на оваа посветеност, сите ученици се чувствуваат безбедно и прифатено, како од страна на возрасните, така и од своите соученици. Иако ретко се случуваат провокации и навреди помеѓу учениците, со навремено и активно вклучување на наставниот кадар и стручната служба, овие ситуации брзо се решаваат. Се негува култура на почитување и поддршка, што придонесува за создавање на пријатна и безбедна училишна средина, каде што секој ученик може да се развива и напредува. Во прилог на ова толкување се и резултатите добиени од спроведеното истражување, според кое 96% од наставниците внимаваат на учениците од маргинилизираните групи да бидат континуирано вклучени во активностите кои ги имплементира училиштето, а 85% од наставниците учествуваат во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата. Истот така 66% од родителите се согласуваат а 34% целосно се согласуваат дека нивното дете е прифатено и почитувано од соучениците.Што се однесува на прашањето дали секое дете ги |

| | | |
|---|---|---|
| | | добива истите услови за учење, 71 % од испитаниците се согласуваат а 29% целосно се согласуваат. Имено, 57% од учениците целосно се согласуваат дека се прифатени од соучениците, додека 43% се согласуваат дека се прифатени од соучениците.Што се однесува на тоа колку учениците се согласуваат дека наставниците ги разбираат нивните потреби, проблеми и предизвици високи 98% се изјасниле дека се согласуваат. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Училиштето има куќен ред кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно со проширената програма на училиштето.Училиштето активно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки, особено во случаите кога одредени ученици, поради низа социјални фактори, покажуваат нарушено однесување и имаат проблеми со дисциплината. За да се помогне на овие ученици, училишниот тим за поддршка активно работи во соработка со родителите и останатите важни чинители, за да се идентификуваат причините и да се предложат соодветни мерки за надминување на проблемот. Овие мерки вклучуваат индивидуални советувања, програми за поддршка и менторства, како и соработка со училишниот медијатор. Во прилог на ова толкување се и резултатите добиени од спроведеното истражување, според кое 98% од учениците се согласуваат или целосно се согласуваат со тоа дека постојат заеднички правила на однесување, кои ги почитуваат и се запознаени со последиците доколку не ги почитуваат истите. Што се однесува на родителите, 75% од испитаниците се согласуваат а 24 % целосно се согласуваат дека училиштето соодветно се справува со дисциплината. 58% од анкетираните наставници, целосно се согласуваат а 35% се согласуваат дека за време на нивните часови има добра дисциплина и работна атмосфера а восоки 98% од наставниците атмосферата во училиштето ја проценуваат на позитивна и потикнувачка. |
| | Учество научениците во донесувањето одлуки и решавањето Проблеми | Во училиштето функционира активен Ученички парламент, кој го рефлектира разнообразието на учениците според нивната етничка припадност и заеднички интереси. Учениците редовно се информираат и вклучуваат во одлуките преку претставниците на Ученичкиот парламент, што го прави овој орган значаен дел од училишната демократија. Преку Ученичкиот парламент, учениците не само што учествуваат во решавањето на конкретни проблеми, туку и интегрираат глас на |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците во стратегиите за подобрување на училишната средина. Од иницијативи за зголемување на ученичкото учество до проекти за подобрување на условите во училиштето, Ученичкиот парламент активно го поддржува ученичкото академско и социјално искуство. Во текот на учебната година, Ученичкиот парламент успешно реализира најмалку четири до пет значајни иницијативи. Овие иницијативи вклучуваат активности за подигнување на свеста за важноста на ученичкото учество, иницијативи за подобрување на условите на училишното опкружување, како и програми за меѓусебна поддршка на учениците.Имено, 57% од учениците се согласуваат а 43% целосно се согласуваат дека нивната ученичката заедница од одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето, додека високи 98% од испитаните ученици се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици. Што се однесува до наставниот кадар 54% од нив се согласуваат а 38% целосно се согласуваат со тоа дека превземаат активности преку кои ги мотивираат и насочуваат учениците да земат поголемо учество во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес. 62% од наставниците се согласуваат а 38% целосно се соглсуваат дека имплементираат едукации преку кои ги унапредуваат знаењата и вештините на учениците за различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето. |
| **Индикатор3.2Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Извори на податоци<br>Анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба; извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); структура на паралелките; записници од работата на ТУИ - Тимот за | Познавање и почитувањеправата на децата | Во училиштето на почетокот на учебната година се формира ученички парламент составен од претседатели и потпретседатели на заедници на паралелки од 1-9 одделение. Овој парламент го избира ученичкиот правобранител кој се грижи за заштитата на детските права во училишниот живот, развивање на критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки.<br>Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата.<br>Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата.<br>Училиштето се грижи за правата на учениците така што редовно одржува работилници за детските права, како и активности за одбележување на Недела на детето и Меѓународен ден на децата во текот на учебната година за време на одделенскиот час и слободните ученички активности. Вработените во училиштето постојано се грижат за правата на учениците, при што навремено ги информираат |

| | | |
|---|---|---|
| училишна интеграција; дневник за работа на стручните соработници; оперативен план за наставен час; записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | | за механизмите за заштита на нивните права за време на нивното присуство во училиште. Наставниците и стручните соработници ги информираат родителите за правата и обврските на учениците на родителските средби, како и преку работилници и индивидуални советодавни средби.<br>Во прилог на ова толкување се и резултатите добиени од спроведеното истражување, според кое 29% од родителите целосно се согласуваат дека се вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето, 69% се согласуваат, дека се вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето, а додека 2% не се согласуваат.<br>35% од наставниците целосно се согласуваат и сметаат дека реализираат работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата, 58% се согласуваат, додека 4% не се согласуваат и 4% незнаат или немаат информација.<br>38% од наставниците целосно се согласуваат и сметаат дека на учениците им укажуваат на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето и 62% се согласуваат.<br>43% од учениците целосно се согласуваат и знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права, а додека 57% се согласуваат и знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права. |

| | | |
|---|---|---|
| | Еднаков и правичен третман на сите Ученици | Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман.<br>Сите ученици имаат пристап и се вклучени во училишните активности. Училиштето ги вклучува сите ученици, независно од нивниот личен успех, поведение и воопшто неговиот личен профил.<br>Прегледот на досегашните активности во рамките на училиштето, го потврдува учеството на<br>учениците независно од нивниот реализиран успех во учењето, однесувањето, дисциплината, етничката припадност, социјалниот статус, пол, верска определба и слично. Доколку постои сомнеж за нееднаков третман, учениците се упатуваат да постапат според формалната процедура за постапување во ваква ситуација: разговор со класен раководител, педагошко-психолошка служба, директор на училиштето и секако училишниот одбор.<br>Сите ученици еднакво се третирани во училиштето со тоа што учествуват во сите активности организирани од страна на училиштето.<br>За избор на ученик на генерација, училиштето има изготвено правилник по кој соодветно се постапува и во кој се наведени сите критериуми. Правилникот се истакнува на видно место во училиштето и на веб страната на училиштето. Право на учество во изборот имаат сите ученици. Прегледот на доставените документи го врши комисија која се избира на Наставнички совет. Бодовната листа на пријавените ученици се истакнува на видно место во училиштето, при што доколку некој ученик е незадоволен има право на приговор.<br>Имено, според анкетата за ученици 54% од учениците целосно се согласуваат дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици, 39 % се согласуваат дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици , 5% не се согласуваат и 2 % не знаат/ немаат информција. 38% од родителите целосно се согласуваат дека нивното дете е прифатено и почитувано од наставниците и соучениците, а 62% по согласуваат по ова прашање. Во врска со условите за учење во училиште 29% од родителите целосно се согласуваат, а 71% се согласуваат дека условите за сите деца се исти. |
| **Индикатор3.3Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; анкета/интервју со претставник на локалната заедница; статут на училиштето; интернет- страница на училиштето; договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции; извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на локалната заедница; документација за добиени спонзорства и донации | Соработка на училиштето со родителите/старателит е | Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана или во електронска форма на веб сајтот на училиштето https://oouavrampisevski.edu.mk/ .<br>Во училиштето континуирано функционира Совет на родители кој е составен од еден член (родител) од секоја паралелка, по еден наставник од актив и стручна служба и има изготвена програма со која родителите организирано делуваат во доменот на потребите на училиштето, подобрување на условите за работа, донесување на одлуки и решенија во интерес на подобрување на наставата во училиштето, организирање и усвојување на распоред за средби со родители, организирање на екскурзии и др. Родителите се запознаени со наставниот план и програма и истите имаат можност да се вклучуваат во процесот на учење насочено кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата, предавања од областа за кои се компетентни организираат работилници и помагаат при професионалната ориентација на учениците, на нови наставни содржини секој од областа на својата професија.<br><br>Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е двонасочна. Училиштето се јавува како едукатор за теми кои се актуелни и од интерес за нивните деца (професионална ориентација, семејно насилство, трговија со луѓе, етички кодекси, инклузија на ученици со ПОП и слично). Подобрување и развивање на менталното здравје на родителите и стекнување на родителски вештини за целоживотно здравје, преку организирање на програми, стручни презентации и соработка со родителите во организацијата на активностите и приоритетите на училиштето.<br><br>Психологот врши советувања за родителите според Програма за советување, советодавна работа со родителите (индивидуална и групна).<br><br>Според резултатите од спроведената анкета, во однос на соработката на училиштето со родителите 76% од родителите се согласуваат дека се почитуваат нивните мислења и ставови за унапредувањето на воспитно- образовниот процес и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето, 22% од родителите/ стрателите целосно се согласуваат со овој став, а само 2% од родителите не се согласуваат со понуденото тврдење. На прашањето од анкетата: дали активно ги поттикнуваат родителите да се вклучат во активностите во училиштето, 58% од наставниците се согласуваат со ова тврдење и 35% целосно се согласуваат со истото. Целосно не се согласуваат со овој став само 4% од наставниците, односно, само еден наставник, а исто така само еден наставник одговорил дека не знае или нема |

| | | |
|---|---|---|
| | | никаква информација по однос на ова прашање. 44% од наставниците целосно се согласуваат и ги прифаќаат аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес, 52% се согласуваат и ги прифаќаат аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес и 4% не знаат/немаат информација. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | • Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.<br>Соработката со локалната самоуправа се одвива преку усна, пишана и елктронска комуникација. Предвидени и рализирани се состаноци на ниво на директори, стручна служба и наставници. Реализирани се посети на институции и бизнис компании во локалното опкружување, соработка со институции од областа на културата, соработка на училиштето со институции од областа на образованието, континуирана соработка со МОН, БРО, ДПИ, УСАИД, ООРЦ,, Златен Сремец,, МЦГО ЕЛС- Сектор за основно образование, сектор за основно образование во општина Карпош, со активот на директори на ниво на општина, детски градинки и други основни, средни училишта, факултети и др. Постои и соработка со невладини организации и здравствени организации.<br>Од спроведената анкета утврдивме дека најголем број од наставниците, односно 58% се согласуваат дека учествуваат во спроведување на заеднички проекти со општината кои се од интерес за училиштето и заедницата. Со истото тврдење целосно се согласуваат 27% од наставниците, со истото не се согласуваат 8%, а само еден наставник одговорил дека целосно не се согласува со горенаведениот став и исто така само еден наставник одговорил дека не знае, односно нема никаква информација по однос на ова прашање. |
| **Индикатор3.4Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Документи<br>Упатство и протокол за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување | Превенција и заштита од насилство | • Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените си ги знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство.<br><br>Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и |

| | | |
|---|---|---|
| Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница<br>Превентивни училишни политики – годишна програма<br>Програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение.<br>Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања или потешки повреди<br>Процедура за обезбедување на материјални средства за учениците чии семејства се социјално загрозени<br>Упатство за одржување училишни објекти<br>Извештај од спроведено тестирање на земен примерок од храна | | се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители. По преземените активности, насилството од прво и второ ниво во училиштето се намалуват, а нема евидентирано насилство од трето ниво.<br>Во прилог на ова толкување се и резултатите добиени од спроведеното истражување, според кое 99% од учениците се чувствуваат безбедно во училиште, додека 100 % од наставниците сметаат дека со учениците редовно се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти. Родителите во однос на протоколот за превенција и постапување во случаи на насилство 24 % целосно се согласуваат и 74 % се согласуваат дека се запознаени со училишниот протокол. Најголем дел од родителите односно 96 % сметаат дека училиштето успешно се справува при појава на насилство.<br>97% од учениците се изјасниле дека знаат како треба да постапат доколку забележат или им се случи врсничко насилство во училиштето а 3% дека незнаат како да постапат при појава на врсничко насилство. 925 од наставниците се согласуваат дека во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство, додека пак 8% не се согласуваат односно немаат информација. |
| Извори на податоци<br>Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања; извештај за работа | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | • Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана за пушење, но нема истакнато знаци за забрането внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции.<br><br>Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства преку едукативни работилници со ученици, родители и наставници.<br><br>Во прилог на ова толкување се и резултатите добиени од спроведеното истражување, според кое 98% од родителите сметаат дека во училиштето се превземаат мерки за превенција за заштита од пушење, алкохол и дрога. Додека 2% не се согласуваат. Од учениците 97% учествуваат во работилници за заштита од овие штетни влијанија, додека 3% се изјасниле дека не се вклучени во овие работилници. Од наставниците 85% учествуваат во реализација на работилници, 12% не учествуваат и 3% немаат информација за спроведувањето на ваквите работилници. |

| | | |
|---|---|---|
| на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документацијата; организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; записници од спроведените активности за професионална ориентација. | | |
| | Квалитетна достапна храна | • Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето. Храната која им се нуди ги исполнува стандардите. Се врши микробиолошко тестирање на храната според одредени критериуми за храна.<br><br>Во училиштето се води кампања за здрава исхрана преку организирање на работилници во текот на целата учебна година за време на редовната настава и слободните активности, како и работилници во соработка со учениците, вработените во училиштето, родителите и локалната средина. |
| | Хигиена и заштита од болести | Во училиштето тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето двапати годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена со истакнување на постери за правилно одржување на личната хигиена на видни места, како и важноста за одржување на истата. Ходниците и скалите се чистат двапати во денот, односно по завршување на големиот одмор и по завршување на часовите, подот и мебелот во училниците се чистат по завршување на часовите, а останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден, тревата, дрвјата и цвеќињата се редовно наводнувани и одржувани, а исто така во нашиот училишен двор имаме и чајна градина за која се грижат учениците и наставниците и истата придонесува за дополнително разубавување на училишниот двор, а исто така и за едукација на учениците за различните видови на чајни билки и нивните лековити дејства. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Во училиштето се одржуваат работилници и предавање за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање прва помош.<br>Во прилог на ова толкување се и резултатите добиени од спроведеното истражување, според кое 100% од учениците се согласуваат односно целосно се согласуваат дека училиштето е чисто и уредно, а 97% од родителите се согласуваат односно целосно се согласуваат дека училиштето е чисто и уредно и 3% не се согласуваат дека е чисто и уредно. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | • Во училиштето има 10 ПП-апарати кои се постари од 40 години и истите редовно се сервисираат, но треба да се заменат. Од тие причини оваа година се набавени 3 нови ПП апарати, а се очекува и донација на ПП апарати од Кинеската абмасада во РСМакедонија. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност, а исто така во склоп на изборниот предмет Справување со природни катастрофи учениците на најдобар начин се запознаваат со природните катастрофи, начинот на справување со истите и изведуваат соодветни симулации.<br>Во прилог на ова толкување се и резултатите добиени од спроведеното истражување, според кое 99% од учениците се чувствуваат сигурно и безбедно во училиште а само 1% не. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | • Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства. За таа цел се врши: идентицикација на ученици кои се социјално загрозени, изготвување на евиденција, организирање на индивидуални средби или посета на домот, информирање на родителите од каде може да добијат помош, информирање на локалното население за состојбата на учениците од социјално-загрозени семејства, собирни акции, донации од невладини организации, бесплатни екскурзии. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Родителот е должен да го информира училиштето за здравствената состојба на своето дете, доколку таа е нарушена, како и за видот на болеста и аспектите на кои треба да се внимава во училиштето. Раководителот во соработка со стручните соработници во училиштето ја следат здравствената состојба на ученикот со цел да се избегнат критични аспекти (ослободување од физички напор, хигиенски услови, контрола на храната и сл.) Реализацијата на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите, локалната заедница и/или други релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа). |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за социо-емоционалната добро состојба на учениците | • Стручните соработници во соработка со наставниците во училиштето користат механизми за препознавање на социо- емоционалните тешкотии кај учениците: идентификациски листи, индивидуална работа со ученици, опсервација на учениците, групни работилници, социометриска постапка. Тимовите во училиштето кои се задолжени за социоемоционална поддршка на учениците се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење.<br><br>За родителите во училиштето се спроведува програма за „Родителство за целоживотно здравје на деца“ од 5-10 години.<br><br>Во прилог на ова толкување се и резултатите добиени од спроведеното истражување, според кое 100% од родителите се согласуваат односно целосно се согласуваат дека училиштето води грижа за добросостојбата на нивните деца и се грижи за нивната емоционална состојба. Што се однесува до учениците 100% од нив сметаат дека доколку имаат потреба од било каква помош, совет или поддршка, можат да се обратат на раководителот на паралелката, односно на некој друг наставник или стручен соработник во училиштето. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | • Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности:  работилница „Мојата идна професија”, ликовно творештво на тема: Моето идно занимање, избирање на најуспешните трудови и подготвување училишно пано ,,Моето гледање кон иднината”, информирање за конкурсот за запишување во средните училишта на одделенски час, спроведување на прашалник за професионални интереси, писмен состав на тема: Сакам да бидам, го поставува Конкурсот за запишување во средните училишта на огласна табла и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.<br>Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија.<br>Училиштето им дава советодавна помош на учениците и на нивните родители/старатели во избор на средното училиште преку овозможување на презентации на средните училишта на град Скопје и нивните програми за работа од различни области (хемиско, угостителство, електро, градежно и др). |

| | | |
|---|---|---|
| | | Според програмата за професионална ориентација се спроведуваат активностите од истата во која се вклучени РИАСЕК тест на интереси, работилници за помош при донесување на одлука за продолжување на образованието од типот кој сум јас, кој сакам да бидам, семејно дрво и сл.<br>Во прилог на ова толкување се и резултатите добиени од спроведеното истражување, според кое 100% од родителите се изјасниле дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците. |

## Подрачје3:Училишна клима и односи во училиштето

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>**Резиме на анализа**<br><br>Од направената анализа на резултатите од обработените прашалници, документите кои се обработени, како и другите методи што се користени за собирање на податоците, се издвојуваат следните јаки и слаби страни на училиштето, како и приоритети за подобрување.<br><br>Училиштето е добро етаблирано и препознатливо во локалната заедница, со активна соработка меѓу родителите и заедницата. Родителите изразуваат задоволство дека нивните мислења и ставови се почитуваат и влијаат на одлуките кои се донесуваат во училиштето. Постојат активности и проекти реализирани во соработка со Општината, кои придонесуваат за унапредување на образовниот процес и заедницата.Училиштето е мултикултурна средина каде што учат ученици од македонска, ромска и албанска националност. Оваа разноликост го поттикнува негувањето и унапредувањето на мултикултурниот дијалог и создава средина на почитување и ценење на различните култури. Исто така, разновидната програма на воннаставни активности дополнително ги зајакнува врските меѓу учениците и нивниот ангажман во училишните активности.Училиштето има кодекс на однесување кој го почитуваат сите структури, вклучувајќи и пишани процедури за постапување во случај на прекршување на правилата. Работната атмосфера за време на наставата и воннаставните активности е позитивна при што вработените активно се грижат за однесувањето на учениците, создавајќи средина на безбедност и прифатеност. Активниот Ученички парламент ги застапува интересите на учениците и редовно иницира активности за подобрување на работата во училиштето.Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените, што придонесува за позитивна и поттикнувачка атмосфера. Учениците и вработените се поттикнати да се грижат едни за други и за училиштето, промовирајќи култура на почитување и поддршка. Сите ученици се третираат еднакво и правично во активностите организирани од училиштето, независно од нивниот успех во учењето, однесувањето, дисциплината, етничката припадност, социјалниот статус, пол, верска определба и слично.Иако училиштето има системи за поддршка, одредени ученици, поради социјални фактори, често покажуваат нарушено однесување и имаат проблеми со дисциплината, што бара дополнителни ресурси и напори за нивно справување. Училиштето има мала вклученост во надворешни проекти и програми, што ја ограничува можноста за дополнителни ресурси, финансии и искуства кои можат да придонесат за унапредување на наставата и воннаставните активности. Не сите ученици се подеднакво вклучени и заинтересирани за работата на Ученичкиот парламент, што понекогаш доведува до нерамномерно претставување на ученичките интереси и иницијативи.Приоритетите за иднина вклучуваат подобрување на академскиот успех на учениците преку воведување на нови методи за учење и обезбедување на дополнителна поддршка за учениците кои се соочуваат со тешкотии. Се препорачува зголемување на вештините на наставниците преку обуки и професионален развој насочен кон спроведување на активности за унапредување на ученичкиот активизам и иновативни наставни методи. Активностите на Ученичкиот парламент треба да се поттикнат и поддржат со цел да се зголеми учеството на учениците во донесувањето на одлуки и решавањето на проблемите.Понатаму, потребно е продлабочување на соработката со родителите преку нивно активно вклучување во наставните и воннаставните активности, организирање на работилници и предавања за подобрување на воспитно-образовниот процес, спречување на насилството и запознавање со правата на децата. Се препорачува и зголемување на учеството на училиштето во надворешни проекти и програми, кои ќе донесат дополнителни ресурси и можности за развој.Со овие приоритети, училиштето ќе може да ја подобри својата образовна понуда, да ги зајакне врските меѓу учениците, наставниците и заедницата и да создаде поинклузивна и поддржувачка средина за сите ученици. |
|---|

| |
|---|
| Силни страни<br><br>Соработка на училиштето со родителите/ старателите<br>**С**огласноста на родителите  дека се почитуваат нивните мислења и ставови за унапредувањето на воспитно- образовниот процес и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.<br>Соработката со Општината во спроведување на заеднички проекти кои се во интерес на училиштето и заедницата<br>Училиштето е добро етаблирано и препознатливо во локалната заедница и активно соработува со истата.<br>Училиштето е мултикултурна средина каде што учат ученици од македонска, ромска и албанска националност, активно работи на негување и унапредување на мултикултурниот дијалог и создава средина на почитување и ценење на различните култури.<br>Училиштето има богата програма на вонnaставни активности со што дополнително се зајакнуваат врските меѓу учениците и нивниот ангажман во училишните активности.<br>Училиштето има  кодекс на однесување кој го почитуваат сите структури, вклучувајќи и пишани процедури за постапување во случај на прекршување на правилата.<br>Во училиштато се одржува работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените активно се грижат за однесувањето на учениците, создавајќи средина на безбедност и прифатеност.<br>Училиштето има активен Ученички парламент кој го одразува етничкиот состав на училиштето и ги застапува интересите на учениците<br>Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените,  што придонесува за позитивна и поттикнувачка атмосфера.<br>Учениците и вработените се поттикнати да се грижат едни за други и за училиштето, промовирајќи култура на почитување и поддршка.<br>Еднаков и правичен третман на сите ученици во активностите организирани од страна на училиштето  независно од нивниот  успех во учењето, однесувањето, дисциплината, етничката припадност, социјалниот статус, пол, верска определба и слично.<br>Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието преку однапред изготвена програма, информирање за конкурсот за запишување во средните училишта на одделенски час, спроведување на прашалник за професионални интереси,и користење на  промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.<br>Училиштето води грижа за хигиената при што редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација, како и повеќепати  во текот на денот, ходниците, скалите и тоалетите. |
| **Слаби страни**<br><br>Иако училиштето има системи за поддршка, одредени ученици, поради социјални фактори, често покажуваат нарушено однесување и имаат проблеми со дисциплината, што бара дополнителни ресурси и напори за нивно справување.<br>Училиштето има мала вклученост во надворешни проекти и програми, што ја ограничува можноста за дополнителни ресурси, финансии и искуства кои можат да придонесат за унапредување на наставата и воннаставните активности.<br>Не сите ученици се подеднакво вклучени и заинтересирани за работата на Ученичкиот парламент, што понекогаш  доведеува до нерамномерно претставување на ученичките интереси и иницијативи.<br>Недоволна вклученост на родителите во активностите во училиштето поврзани со спроведување на работилници и предавања за подобрување на воспитно-образовниот процес, спречување на насилство, запознавање со правата на децата. |

| |
|---|
| Иако училиштето има прогарама за работа на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител, како тим за училишна интеграција, сепак сметаме дека учениците треба поактивно да се вклучат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки и зајакнување на училишната клима и демократските односи во училиштето<br>Училиштето има застарени ППА кои се постари од 40 години и иако се редовно сервисирани немаат вонреден контролен сервис.<br>Училиштето нема истакнато знаци на видно место за  забрането  внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. |
| **Приоритети**<br>Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки - промовирање на ученички активизам за зајакнување на училишната клима и демократските односи во училиштето<br>Продлабочување на соработката со родителите - Учество на родителите во реализација на наставните планови и програми и во вонnаставните активности |

## Подрачје4:Управување,раководење и креирање политики

| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| **Управувањеи раководење со училиштето**<br>**Цели и креирање на училишната политика** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информаци и кои се собрани** |
| **Статут ООУ,,Аврам Писевски,,**<br><br>**- Деловник за работа на УО.**<br><br>**- Записници, одлуки , извештаи од работата на УО.**<br><br>**- Самоевалуација и план за развој на ООУ,,Аврам Писевски,,.**<br><br>**- Програма за работа на директорот.**<br><br>**- Програма за професионален развој на директорот.**<br><br>**- Интервјуа со наставници, родители и ученици.**<br><br>**- Интервју со УО** | Управување со училиштето | Училиштето е управувано од Училишен одбор кој брои 7 члена. Претседател на училишниот одбор е претставник од Советот на родители. На седниците на училишниот одбор, се покануваат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент. Училишниот одбор работи според изготвена Програма за работа . Училишниот одбор одржува состаноци со претходно известување и усогласување на времето. Состаноците на Училишниот одбор се закажуваат и одржуваат согласно со Статутот на училиштето и деловниците за работа.УО има изготвено програма за работа и усвоено свој деловник на работа. Состаноците ги одржува со мнозинство на членови на УО, при што се обезбедуваат детални и сеопфатни и редовни информации за својата работа и работата на другите субјекти кои се вклучени во воспитно образовниот процес. УО и Органот на раководење на ООУ,,Аврам Писевски,, се во тесна соработка за решавање на сите проблеми кои идат во текот на функционирањето на институцијата. УО исто така е во тесна корелација со наставно- воспитниот персонал во институцијата. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето.<br>Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>Училишниот одбор на годишно ниво го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. |
| | Раководење со училиштето | Со училиштето раководи директор, кој има отворена соработка со Советот на родители, Бирото за развој на образование и локалната средина.<br>Целите и креирањето на училишната политика се разгледуваат и поставуваат со предлози на наставнички совет, врз основа на слабите и јаките страни изведени од самоевалуацијата. Надлежностите за управување и административните задачи се јасно дефинирани според законските прописи.Училишната политика се креира врз основа на самоевалуацијата на училиштето која се врши на секои 2 години и во која е вклучен целиот воспитно-образовен кадар, а приоритетите се основа за изготвување на Развојна програма на училиштето и Годишната програма на училиштето, како и во соодветните процедури, постапки и правилници. Податоците за самоевалуацијата се добиваат врз основа на документи на училиштето, извештаи од одредени активности, интервјуа и анкети од родители, наставници, стручни соработници и ученици. Врз основа на добиените податоци се согледуваат развојните потреби на училиштето. Се врши извлекување на оние приоритети кои се клучни и за кои има можност за реализација и истите се основа за поставување на целите во Развојната програма на училиштето, а |

| | | |
|---|---|---|
| | | практично се реализираат врз основа на Акциони планови за конкретните цели за секоја учебна година. Сите информации, извештаи што важат за централното училиште се применуваат и во подрачното училиште, со што се опфаќаат неопходните потребите на училиштето.<br>Во Развојното планирање на училиштето се дефинирани стратешки цели, од кои произлегуват развојни и конкретни цели за период од 4 години и истите за секоја учебна година се планираат и реализираат во Годишната програма на училиштето. Врз основа на оваа самоевалуација училиштето треба да ја изготви новата развојна програма на училиштето.Развив постапки за мотивирање и селекција на ученици кои ќе учествуваат на натпревари - изготвени се постапка и процедура за мотивирање и селекција на ученици кои ќе учествуваат на натпревари.Се ангажира заедо со наставниот кадар и псхолошко педагошката служба за поголемо вклучување на учениците со свои мислења, предлози и ставови во донесувањето на одлуки. Најчесто тоа се врши преку Училишниот Парламент каде учениците ги изнесуваат своите ставови, предлози, мислења во донесувањето на одлуки.<br>Планира стратегии за соработка и вклучување на поголем број на родители на разновидни активности на училиштето. Ова најчесто се врши со организирање на Хуманитарни базари, работилници-родители-ученици, учество на некои родители на одреден час (некои предавања за соодветни занимања или едукации за здравство ако родителот е доктор и сл.) |
| | Управување и раководење со ресурсите | Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и вонnаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. |
| | Раководење со кадарот | Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. |
| | Следење и унапредување<br>На наставниот процес | Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час.<br>Следењето на часовите и давањето повратна информација е претходно испланирано и континуирано. Директорот и стручните соработници во училиштето редовно но и по барање на наставниците на наставниците им помагаат во реализација на наставата преку следење на наставните часови. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за |

| | | |
|---|---|---|
| | | успешно следење на наставниот час. |
| **Индикатор4.2Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и евалуација за реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој; буџет и финансиски план на училиштето | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето. |
| | Резултати од развојно планирање | Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.<br>Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.Материјално – техничките средства во училиштето се обезбедуваат согласно потребите на самото училиште и тоа од буџетските финансии, по пат на самофинансирање преку издавање на спортската сала. Во овој контекст по пат на тендери се набавуваат потребните средства за хигиена, материјали за поправка и одржување на училишната зграда, како и потребна работна облека и обувки за техничкиот персонал. За одржување и сервисирање на техничките средства (компјутерите) во |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето е задолжен администратор назначен од Министерството за информатика.<br>Финансирањето на училиштето се одвива согласно со законските рамки и транспарентно.Постојат два вида на постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење, за истото да биде добро спроведувано и контролирано и тоа: Министерството за финасии преку буџетска наменска сметка и самофинансирачки сметка. Директорот има увид во сметките на училиштето , истиот увид го има и општинскиот сметководителот и ги распределува плаќањата од двете сметки. Едната сметка е наменска и средствата ги уплатува Министерството за финансии и Општината,а другата сметка е самофинансирачка на училиштето.Од буџетската сметка се исплакаат платите на вработените, сметките за комуналии и сл. По потреба се користи и уште една сметка – Општинска наменска . Со финансиите располага директорот по одлука на Училишниот одбор и Советот на Општината. За финансиите одговорен е директорот и општинскиот<br>сметководителот . |

**Подрачје4:Управување, раководење и креирање политики**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Од направената анализа на резултатите од обработените прашалници, документите кои се обработени, како и другите методи што се користени за собирање на податоците, се издвојуваат следните јаки и слаби страни на училиштето, како и приоритети за подобрување.<br>Постојаниот контакт и консултациите на раководната структура со вработените при разрешувањето на проблеми во училиштето. Јасно поделени одговорности во раководните тела и органи и меѓусебна соработка. Информираност на сите субјекти кои се вклучени во образовниот процес во креирањето и планирањето на училишната политика. Правилно, законско и успешно работење на Училишниот Одбор и раководниот орган . Добра комуникација меѓу органот на Раководење и органот на Управување со другите структури на училиштето.Прецизно и јасно дефинирани надлежности на органите . Професионалност, компетентност и посветеност во извршувањето на работните задачи. Визија за преземање понатамошни активности за подобрување на условите за работа во училиштето.Навремено информирање на членовите за одржување на состаноците. Секогаш обезбеден кворум за одржување на состаноците . Учество на директорот на сите семинари, обуки и состаноци на кои се разгледуваат важни прашања за работата научилиштет<br>Почитување на статутарните и деловничките обврски во работење на училишниот одбор при донесувањето на одлуки; Почитување на законските прописи при донесувањето важни документи .Отворена комуникација и соработка на директорот со наставниот кадар и родителите,.Има изготвен оперативен план за заштита и спасување од пожари и елементарни непогоди.Наставниците и родителите се запознаени како се троши буџетот на училиштето УО секогаш ги објавува транспарентно донесените одлуки .Набавката на основниот потрошен материјал во целост ги задоволува реалните потреби .Училиштето поттикнува професионален развој на наставници учество во интерни и екстерни обуки Обезбедување на средства за задоволување на потребите на училиштето |
|---|
| **Силни страни**<br>Што се однесува за соработката на членовите на Училишниот одбор со тимот за раководење и управување на ООУ„Аврам Писевски“ може да кажеме дека е на високо ниво. Може да се произнесеме и за нивното мислење како извор ќе го наведеме дел од интервјутосо членовите на УО:<br>Директорот со својата работа и однесување е пример за вработените во училиштето.<br>Директорот има придонес во афирмацијата и угледот на училиштето.<br>Раководнииот орган бара одговорност и работна дисциплина.<br>Обезбедува услови за соработка со родителите и ја почитува иницијативата на Советот на родители.<br>Развива добра соработка со локалната заедница.<br>Соработува со други училишта и организации.<br>Го обезбедува маркетингот на училиштето.<br>Членовите на УО; сметаат дека директрот редовно поднесува извештај на Училишниот одбор за активности кои се одвиваат во училиштето.<br>Редовно поднесува извештај за својата работа на Училишниот одбор<br>Се грижи за остварување на развојниот план на училиштето.<br>Организира педагошко -инструктивен увид и превзема мерки за унапредување на работата на наставниците и стручните соработници.<br>Превзема мерки за извршување на препораки од просветниот инспекторат и просветните советници. |

| |
|---|
| |
| **Слаби страни**<br>Приспособување на училниците за кабинетска настава.<br>Обновување на информатичка технологија.<br>Збогатување на фондот на библиотеката со лектирни изданија и стручна литература |
| **Приоритети**<br>Доопремување на системот за заштита во кризни ситуации- Поставување на алармен систем за реагирање во кризни ситуации. Оваа развојна цел сеуште не е реализирана во целост<br>Поголемо вклучување на учениците со свои мислења, предлози и ставови во донесувањето на одлуки преку Училишниот Парламент каде учениците ги изнесуваат своите ставови, предлози, мислења во донесувањето на одлуки.<br>Реализирање на обуки кои овозможуваат активно учество на учесниците во самата обука, како  и интерни обуки, со оглед на тоа што структурата на воспитно-образовниот кадар се менува и имаме се поголем број на наставници почетници. |

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители(%на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

**ПОДРАЧЈЕ 3: Училишна клима и односи во училиштето**

Анкетирани се анонимно 54 родители на ученици од второ  до деветто одделение, 54 ученици од четврто до деветто одделение и 26 наставници. Прашалникот содржи 21 прашање со кои од родителите се прибираа информации за климата во училиштето и односите во училиштето, соработката и корелацијата помеѓу сите чинители на образовниот процес.

**Анкета за родители**

Кое одделение е вашето дете?

| | |
|---|---|
| I | 0 |
| II | 1 |
| III | 19 |
| IV | 7 |
| V | 5 |
| VI | 4 |
| VII | 7 |
| VIII | 5 |
| IX | 6 |




Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето

Целосно се согласувам 28%; се согласувам 70%; не се согласувам 2%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување

Целосно се согласувам 39%; се согласувам 57%; не се согласувам 2%; цеслосно не се согласувам 2%; не знам/немам информација 0%




Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците

Целосно се согласувам 38%; се согласувам 62%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците

Целосно се согласувам 35%; се согласувам 65%; не се согласувам 0%; цeслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Моето дете сака да оди на училиште

Целосно се согласувам 39%; се согласувам 61%; не се согласувам 0%; цeслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Училиштето добро се справува со дисциплината

Целосно се согласувам 24%; се согласувам 74%; не се согласувам 0%; цeслосно не се согласувам 2%; не знам/немам информација 0%




Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето

Целосно се согласувам 26%; се согласувам 72%; не се согласувам 2%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици

Целосно се согласувам 28%; се согласувам 72%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици

Целосно се согласувам 17%; се согласувам 83%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго.

Целосно се согласувам 30%; се согласувам 69%; не се согласувам 1%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците

Целосно се согласувам 22%; се согласувам 76%; не се согласувам 2%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето

Целосно се согласувам 20%; се согласувам 78%; не се согласувам 2%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство

Целосно се согласувам 23%; се согласувам 75%; не се согласувам 2%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавањеконфликти

Целосно се согласувам 22%; се согласувам 76%; не се согласувам 2%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Училиштето добро се справува при појава на насилство

Целосно се согласувам 26%; се согласувам 70%; не се согласувам 4%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога

Целосно се согласувам 26%; се согласувам 72%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 2%; не знам/немам информација 0%




Хигиената во училиштето е на високо ниво

Целосно се согласувам 11%; се согласувам 85%; не се согласувам 4%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%



Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете

Целосно се согласувам 24%; се согласувам 76%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете

Целосно се согласувам 28%; се согласувам 72%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците

Целосно се согласувам 31%; се согласувам 69%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%



Анкета за наставници

Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето

Целосно се согласувам 62%; се согласувам 23%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 4%; не знам/немам информација 11%




Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување

Целосно се согласувам 65%; се согласувам 23%; не се согласувам 4%; цеслосно не се согласувам 4%; не знам/немам информација 4%




Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка

Целосно се согласувам 46%; се согласувам 50%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 4%; не знам/немам информација 0%




За време на моите часови има добра работна атмосфера

Целосно се согласувам 58%; се согласувам 35%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 4%; не знам/немам информација 3%




Добро соработувам со колегите во училиштето
Целосно се согласувам 58%; се согласувам 38%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 4%; не знам/немам информација 0%




Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти
Целосно се согласувам 62%; се согласувам 48%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници  во врсничко насилство
Целосно се согласувам 46%; се согласувам 46%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 4%; не знам/немам информација 4%




. Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес
Целосно се согласувам 38%; се согласувам 54%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 4%; не знам/немам информација 4%




. Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата
Целосно се согласувам 35%; се согласувам 58%; не се согласувам 4%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 3%




0. На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето
Целосно се согласувам 38%; се согласувам 62%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




1. Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман
   Целосно се согласувам 46%; се согласувам 54%; не се согласувам 2%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




2. Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности
   Целосно се согласувам 58%; се согласувам 38%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 4%




3. Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето
   Целосно се согласувам 35%; се согласувам 58%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 4%; не знам/немам информација 0%




4. Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес
Целосно се согласувам 44%; се согласувам 52%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 4%




5. Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата
Целосно се согласувам 27%; се согласувам 58%; не се согласувам 8%; цеслосно не се согласувам 4%; не знам/немам информација 3%




6. Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење.алкохол и дрога
Целосно се согласувам 27%; се согласувам 58%; не се согласувам 8%; цеслосно не се согласувам 4%; не знам/немам информација 3%




7. Учениците и родителите  во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите
Целосно се согласувам 38%; се согласувам 58%; не се согласувам 4%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Анкета за ученици

Обележи во кое одделение си ученик




Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно
Целосно се согласувам 57%; се согласувам 42%; не се согласувам 1%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици
Целосно се согласувам 56%; се согласувам 44%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците
Целосно се согласувам 54%; се согласувам 44%; не се согласувам 2%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Сакам да одам на училиште
Целосно се согласувам 41%; се согласувам 56%; не се согласувам 2%; цеслосно не се согласувам 1%; не знам/немам информација 0%




Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми
Целосно се согласувам 44%; се согласувам 54%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 2%




Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме
Целосно се согласувам 57%; се согласувам 41%; не се согласувам 2%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето.
Целосно се согласувам 41%; се согласувам 56%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 3%




. Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици
Целосно се согласувам 58%; се согласувам 34%; не се согласувам 6%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 2%




0. Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици
Целосно се согласувам 57%; се согласувам 41%; не се согласувам 2%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




1. Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици
Целосно се согласувам 52%; се согласувам 48%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




2. Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето.
Целосно се согласувам 46%; се согласувам 54%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




3. Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права
Целосно се согласувам 46%; се согласувам 54%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




4. Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник
Целосно се согласувам 54%; се согласувам 46%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




5. Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето
Целосно се согласувам 57%; се согласувам 41%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 2%




6. Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем
Целосно се согласувам 41%; се согласувам 57%; не се согласувам 0%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 2%




7. Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето
Целосно се согласувам 59%; се согласувам 37%; не се согласувам 2%; цеслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 2%




8. Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство
Целосно се согласувам 44%; се согласувам 54%; не се согласувам 0%; цeслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 2%




9. Учествувам во  работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.
Целосно се согласувам 43%; се согласувам 54%; не се согласувам 2%; цeслосно не се согласувам 1%; не знам/немам информација 0%




0. Училиштето е чисто и уредно
Целосно се согласувам 46%; се согласувам 54%; не се согласувам 0%; цeслосно не се согласувам 0%; не знам/немам информација 0%




**ПОДРАЧЈЕ 4: Управување, раководење и креирање политики**

Анкета за родители/старатели

Анкетирани се анонимно 54 родители на ученици од четврто до деветто одделение. Прашалникот содржи 7 прашања со кои од родителите се прибираа информации за односот и соработката на раководниот тим со нив, размена на идеи и разрешување на проблеми со раководниот тим и за начинот на добивање информации од одлуките на раководниот тим. (56% целосно се согласуваат,36% се согласуваат,8% не се согласуваат

Родителите покажуваа задоволство од организацијата и раководењето со училиштето, односите помеѓу возрасните, учениците и родителите, примена на правилата во училиштето, еднаквите можности за учење и можностите да бидат информирани,почитување на националната, верска, културни и јазични разлики и учество на родителите во донесување на важни одлуки за развој на училиштето.

Незначителен број на родители искажале незадоволство во однос на овие прашања

1. Кое одделение е вашето дете/деца? Ве молиме обележете.

| | |
|---|---|
| I | 2 |
| II | 7 |
| III | 9 |
| IV | 5 |
| V | 13 |
| VI | 7 |
| VII | 5 |
| VIII | 5 |
| IX | 2 |




2. Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето

| | |
|---|---|
| целосно се согласувам | 21 |
| се согласувам | 31 |
| не се согласувам | 2 |
| целосно не се согласувам | 0 |
| не знам/ немам информација | 1 |



3. Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период

| | |
|---|---|
| целосно се согласувам | 23 |
| се согласувам | 27 |
| не се согласувам | 4 |
| целосно не се согласувам | 0 |
| не знам/ немам информација | 1 |



4. Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки

| | |
|---|---|
| целосно се согласувам | 20 |
| се согласувам | 29 |
| не се согласувам | 5 |
| целосно не се согласувам | 1 |
| не знам/ немам информација | 0 |



5. Училишната библиотека е достапна за сите ученици

| | |
|---|---|
| целосно се согласувам | 25 |
| се согласувам | 26 |
| не се согласувам | 4 |
| целосно не се согласувам | 0 |
| не знам/ немам информација | 0 |



6. Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен

| | |
|---|---|
| целосно се согласувам | 18 |
| се согласувам | 36 |
| не се согласувам | 1 |
| целосно не се согласувам | 0 |
| не знам/ немам информација | 0 |



7. Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето

| | |
|---|---|
| целосно се согласувам | 8 |
| се согласувам | 21 |
| не се согласувам | 10 |
| целосно не се согласувам | 3 |
| не знам/ немам информација | 13 |



1. Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање




2. Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки




3. Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и вонннаставните активности



4. Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби

| | |
|---|---|
| целосно се согласувам | 15 |
| се согласувам | 14 |
| не се согласувам | 0 |
| целосно не се согласувам | 0 |
| не знам/ немам информација | 0 |



5. Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие

| | |
|---|---|
| целосно се согласувам | 16 |
| се согласувам | 13 |
| не се согласувам | 0 |
| целосно не се согласувам | 0 |
| не знам/ немам информација | 0 |



6. За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација

| | |
|---|---|
| целосно се согласувам | 17 |
| се согласувам | 12 |
| не се согласувам | 0 |
| целосно не се согласувам | 0 |
| не знам/ немам информација | 0 |



7. Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам

| | |
|---|---|
| целосно се согласувам | 11 |
| се согласувам | 17 |
| не се согласувам | 0 |
| целосно не се согласувам | 0 |
| не знам/ немам информација | 0 |



8. Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците




9. Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето




Врз основа на извршената анонимна анкета за наставниците со прашшалник од содржи 9 прашања даваме краток осврт за оценките на раководниот кадар во училиштето ( директор и училишен одбор). (78 % целосно се согласуваат, 20%се согласуваат,2% не се согласуваат)

Врз основа на анкетата можеме да заклучиме дека :
наставниците се задоволни од раководството на директорот, визијата на училиштето, слободната комуникација разрешување на проблеми, информираност за одлуките на раководниот тим. Кор
Незадоволство наставниците покажаа кон : набавка на потрошен материјал, набавка на стручна литература и познавање на постапки во случај на елементарни непогоди.

Анкета за ученици.

Анкетирани се анонимно 54 ученици од четврто до деветто одделение. Прашалникот содржи 4 прашања со кои од учениците се прибираа информации за односот и соработката на раководниот тим со нив, размена на идеи и разрешување на проблеми со раководниот тим.((59% целосно се согласуваат,40% се согласуваат,1% не се согласуваат

1. Обележи во кое одделение си ученик

- IV 9
- V 7
- VI 10
- VII 14
- VIII 8
- IX 8




2. Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период.

- целосно се согласувам 16
- се согласувам 38
- не се согласувам 0
- целосно не се согласувам 0
- не знам/немам информација 1



3. Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време.




4. Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера




Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор .

Во текот на интервјуто директорката одговараше на прашања по ова подрачје: „Настојуваме да се створат оптимални услови, мотивирајќи ги и учениците и наставниците за работа и учење, притоа остварувајќи плодна соработка УО при ООУ Аврам Писевски, , Советот на родители, БРО, МОН, градоначалникот на Општина Карпош г-дин Стевче Јакимовски.

Од моментот кога сум назначена за директор настојувам успешно да ја координирам работата на Училишниот одбор, Советот на родители, стручните активи, Одделенскиот и Наставничкиот совет, Детската организација, ученичката и одделенската заедница на учениците при нашето училиште. Со стручната служба, наставниците и др. вработени воспоставувам партнерски однос во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес и воедно им давам поддршка сите наставници - приправници и на нивните назначени ментори. Посветувам внимание и барам можности за изнаоѓање грантови и средства и нивно наменско искористување за подобрувањето на условите за работа и учење во училиштето, активно вклучување во реализацијата на повеќе проекти и проектни активности преку кои се воспостави плодна меѓу училишна соработка со училишта.Редовно се грижам за реализација на активности согласно еколошките програми според индивидуалните годишни планирања на наставниците , за нивно медиумско покривање и запознавање на пошироката јавност со истите

Им давам поддршка и мотивација на учениците за учество на натпревари, како и на нивните ментори наставници се со цел што повеќе да се афирмираат и самите ученици и наставници. Еднаков третман имам и кон талентираните ученици, а сите ученици кои освоија места на натпреварите ги наградив со диплома и скромен подарок.“

Забелешка:  Прашалниците  беа направени со помош на алатката  ГУГЛ ФОРМС и споделени  преку званичните групи за известувања на ВИБЕР .
За прашалниците беа задолжени наставните  Љубица Манов (професор по англиски јазик ) и Наташа  Весковски( одделенски наставник).

# ИЗВЕШТАЈ

Од самоевалуација на **ООУ „Аврам Писевски“** за период од **2022-2024** година

Врз основа на член 129 и член 130, од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), Општинското Основно Училиште ООУ„Аврам Писевски“, изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022 - 2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 18.08.2023 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Мери Синадиновска - психолог,
2. Оливера Петрушевска – одделенски наставник,
3. Ана Дионисиева - предметен наставник,
4. Александра Гаврилоска - одделенски наставник и
5. Снежана Богдановиќ - родител.

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2023/2024 учебна година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1.Планирање, настава и учење | Слаѓана Чекичевска<br>Снежана Богдановиќ<br>Ана Деспотовска<br>Ивана Ристоска<br>Наташа Томшиќ<br>Давор Божиновски<br>Александра Божиновска<br>Елена Мазни |

| | |
|---|---|
| 2.Постигања на учениците | Зоран Пржовски<br>Мери Синадиновска<br>Маријана Грчевска Чадиковска<br>Александра Илиевска<br>Емилија Богдановска<br>Александра Смилковска |
| 3.Училишна клима и односи во училиштето | Маја Христовска<br>Александра Гаврилоска<br>Весна Спасенцовска<br>Оливера Петрушевска<br>Џеврије Фасљии<br>Душко Деспотовски<br>Татјана Митрички<br>Елена Тодоровска |
| 4.Управување и раководење | Зорица Бебекоска Спиридонов - предметен наставник,<br>Наташа Весковски – одделенски наставник,<br>Љубица Манов – предметен наставник<br>Ана Дионисиева - предметен наставник<br>Благица Атанасовски - предметен наставник<br>Маја Крстевска – предметен наставник<br>Слободанка Пешевска – предметен наставник |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

За изготвување на *самоевалуацијата* беа користени насоките од Законот за основно образование, Ревидираните индикатори за квалитет на работата на училиштата изготвени од МЦГО и ДПИ и Водичот за самоевалуација.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 30.08.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје1:Планирање,настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>**Опис/резиме на подрачјето**<br>Наставниците изготвуваат годишни, тематско-процесни и дневни подготовки/сценарија со сите неопходни елементи за успешна реализација на часот за сите предмети-задолжителни и изборни во согласност со донесените наставни планови и програми од страна на МОН. Во рамките на планирањата, а според насоките дадени од специјален едукатор-рехабилитатор се изработуваат годишни, среднорочни и индивидуални планови за ученици со посебни образовни потреби изготвени во зависност од нивните способности. Активностите се внесуваат во дневни планирања како диференцирани активности. Реализацијата на наставните планови и програми се во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование.<br>На почетокот на учебната година, родителите и учениците се запознаваат и информираат за наставните планови и програми што ќе се реализираат во тековната година.<br>Најмалку еден-два пати во едно полугодие се врши посета на час од страна на Директорот и стручна служба според однапред и јавно објавен распоред изготвен за посета на часовите.<br>Наставниците разменуваат искуства за планирања и изготвување на наставните содржини во рамките на стручни активи и користат стручни искуства од различни медиуми.Како резултат на размена на искуства и користење стручни искуства планирањата се подобрени. Изборот на слободни изборни предмети и активности се во согласност со Концепцијата за основно образование и Водичот за слободни изборни предмети за основно образование. Училиштето изготвува анкета врз основа на која, според новата Концепција.<br>Наставниците кои предаваат на ученици со ПОП, изготвуваат и го прилагодуваат НПП според нивните способности, а по потреба, се користи диференциран и индивидуализиран пристап за ученици со потешкотии во учење. Се користат различни методи и техники, наставни нагледни средства. аставниците соработуваат со учениците, ги разбираат, прифаќаат и почитуваат. Еднакви можности се обезбедени за вклучување на сите ученици. За време на наставните часови се создаваат еднакви можности за учество за сите ученици, а со интеракција наставник/ученик и примена на современи методи и техники се постигнуваат поставените цели на часот.<br>Поголем дел од родителите сметаат дека наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите според индивидуалните потреби на нивното дете.<br>Во училиштето постои училишен инклузивен тим од 7 члена и Програма за работа на Училишениот инклузивен тим, како и ИТУ(инклузивен тим на ученик) , односно за секој ученик посебно и програма за истиот. Секој тим е раководен од дефектологот во училиштето. Секој тим за секој ученик изработува ИОП, односно секој наставник за ученикот на кој му предава. Согласно законската регулатива инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети.<br>Наставниците редовно дискутираат со учениците за актуелни и тековни содржини од секојдневниот живот и разменуваат искуства и идеи. Во |

планирањата, тековно се интегрираат содржини кои ги оспособуваат учениците за решавање проблеми во реалниот живот и нивното учество и придонес во рамките на општеството. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците со давање афирмативни коментари за активностите истакнувајќи ги јавно во рамки на одреден временски период при што посебен акцент се става на поттикнување на самодоверба при изнесување на својот личен став. Во тек на наставниот процес преку примена на различни наставни техники и методи како и современа интерактивна техника, наставниците успешно ги препознаваат индивидуалните образовни потреби на учениците со што им овозможуваат полесно совладување на наставниот материјал.

Секој наставник, при оценување, ги следи Законските одредби и критериуми за оценување, Стандарди за постигањата на учениците и Критериуми за оценување.

Постигањата на учениците се врши со: формативно оценување (континуран процес на следење, проверување и вреднување на постигањата со што се обезбедуваат објективни докази за напредок-во што покажуваат добри резултати, а што треба да се подобри) и сумативно оценување (мерење на постигањата на ученикот на крајот на определена наставна целина или на даден временски период-тримесечје, полугодие, крај на учебната година). Резултатите од формативно и сумативно оценување се користат за да се оформи оценкака за тековните постигања. Оценувањето, по секој наставен предмет, се врши врз основа на стандарди и критериуми за оценување изготвени од МОН.

Наставниците покажуваат желба за осовременување на настаниот процес и применуваат разновидни форми и методи и техники и споделуваат ново стекнати идеи за унапредување за реализација на поинтересно презентирање и усвојување на наставните содржини во рамките на стручните активи.

Добиените информациите од оценувањето им овозможуваат на наставниците да ги идентификуваат силните и слабите страни кај учениците и преку истите, да ги адаптираат, креираат и проценат своите наставни планови во однос на подобри стратегии, подобри планирања и поуспешна реализацијата на наставата.

Наставниот план и програма дава слобода наставниците да внесат измени во материјалите, измени во методите на предавање или додатни ресурси за да се зголеми интересот за учење.

Во Училиштето се организираат краткотрајни и долготрајни активности со цел учениците да ја развијат својата индивидуалност, да ја зајакнат својата самодоверба да станат отворени, креативни и изградени личности. На ваков начин тие се социјализираат, се поттикнува нивната креативност и се развива подобра комуникација и толеранција, кое резултира не само во подобрувањето во нивните постигања, туку и во нивните потенцијали во развивање на други вештини.

Редовно се организираат спортски активности во училиштето и во соработка со други училишта и други релевантни фактори. Организирани се и реализирани посети на институции од научно-истражувачи, едукативен и забавен карактер. Во рамките на Училиштето се организираат активности, како што се маскенбали, приредби, организирање на масовни работилници – базари и манифестацијата „Костенијада ".

Редовно се изведуваат излети, екскурзии со запазување на сите процедурални насоки за нивно успешно реализирање и со однапред изготвен план и програма. Во рамките на Училиштето и надвор од него (заедницата) се организираат и долготрајни воннаставни активности во вид на секции или клубови.

Во вонаставните активности опфатен е значителен број на ученици. Секој ученик се пронаоѓа во барем една вонаставна активност која му е интересна и каде може да ги истакне своите способности и вештини при реализација на тековните активности. Преку вонаставни активности и ученичко организирање и во соработка и организација на Црвен Крст и други институции од сличен карактер се организираат општествено-хуманитарни-собирна акции (пари, храна, облека).

Голем дел од наставниците планираат вонаставни активности. Изборот на активности е направен според поширок спектар. Во училиштето се реализираат вонаставни активности со флексибилни програми и давање можност за измена на истите.

Дел од наставниците планираат и реализираат училишни подготвителни часови за натпревари како селекција за понатамошните натпреварувања на училишно, општинско, државно и повисоко ниво.

Учениците земаат учество на натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници како и во други активности од натпреварувачки карактер и во последната учебна година бројот на освоени места е зголемен во однос на претходно.

**Силни страни**

Учениците имаат можност да го кажат своето мислење и да учествуваат во давање предлози за подобрување на наставниот процес 

Наставниците ги прилагодуваат наставните содржини со најразлични приоди, форми и методи за ученици со потешкотии во совладување на зададените цели

Стручните активи соработуваат, споделуваат, изработуваат и придонесуваат во подигање на квалитетот на наставата 

Се користат различни инструменти техники и методи за оценување и континуирано се следи и оценува напредокот на учениците 

Училиштето секогаш позитивно одговара на покани за учество на манифестации, настани, ликовни и литературни конкурси 

Врвни постигнувања на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво на натпревари со и без акредитација 

Развиено чувство на волонтеризам, спроведување на хуманитарни и собирни акции кај голем број на ученици, родители и наставници

**Слаби страни**

Мал број од родителите и ученицие сметаат дека учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење енциклопедии, списанија, интернет

Мал број од наставниците сметаат дека планот за воннаставни активности кои ги водат, го изготвуваат заедно со учениците

Мал број од родителите сметаат дека во училиштето има доволен избор на воннаставни активности и дека слободно по сопствен избор можат да се вклучат во истите.

Исто така мал број од наставниците сметаат дека планот за воннаставни активности го изготвуваат заедно со учениците.

**Приоритети**

Набавка на различни материјали за учење

Поголема вклученост на учениците во избор на изготвување на план за воннаставни активност

| **Подрачје2:Постигања на учениците** |
| --- |
| Опис/резиме на подрачјето<br><br>Во училиштето според статистичките податоци за последните две учебни години се постигнуваат релативно задоволителни резултати со оглед на социо-економската структура на населението и специфичните културни и воспитни навики.<br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години.<br>Постои политика за опфат на сите ученици кои припаѓаат на реонот преку различни активности, програми и планови на училиштето: посети на семејства, писмени покани, кампањи за упис, поддршка и соработка со локалната самоуправа. Континуирано се следи осипувањето на учениците, се анализираат причините и во соработка со локалната самоуправа се спроведуваат активности на терен особено за учениците од ромската заедница<br>Во училиштето се резлизираат проекти преку кои кај учениците се развиваат креативни особини и ги продлабочуваат нивните знаења во реализација на наставните програми заедно со наставниците. Постигнувањата на учениците се објавуваат на огласната табла, на веб страната на училиштето, на социјалните мрежи и весникот од локалната самоуправа, а се со цел да се развие желбата и интересот за културно-уметничка активност и меѓусебна соработка и дружење на учениците, особено меѓу спортските активности. Во училиштето е обезбедена  соодветна помош и поддршка и за учениците со посебни образовни.<br><br>Редовно се следат постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, се донесува план со активности за подобрување на постигањата и квартално се разгледуваат постигањата од планот. Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира.<br>Училиштето беше вклучено во меѓународно тестирање во 2023 (IVодделение) и 2024 (V одделение) годинаТИМСС 2023 и 2024, за предметите математика и природни науки, но резултатите од ова тестирање сеуште училиштето ги нема добиено. Училиштето исто така беше вклучено во 2023 (V одделение) година, во државно тестирање по предметите математика и мајчин јазик.<br>Во училиштето редовно се спроведува процедура за идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост е. Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето треба има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето се покажува согласност и испитаниците се согласуваат дека училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици.<br>Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, а за учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошки мерки, според интерниот плавилник за педагошки мерки, се вршат советувања на учениците и нивните родители/старатели и доколку и тоа не даде резултати се соработува со надворешни институции како што се Центар за социјални работи, Министерство за внатрешни работи илокална самоуправа ( оддел за образование, ДПИ.<br>Советување на родители/старатели и ученици - Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку: ученикот има повеќе од три |

| |
|---|
| негативни оценки, има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци, ако учениците имаат недолично однесување. На родителите им се испраќаат покани, секој родител/старател кој треба да присуствува на советувањето добива поканаnajмалку осум дена пред одржувањето на истото. Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.<br>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава - Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето.<br>Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата. |
| **Силни страни**<br><br>Во училиштето се применува процедура за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби.<br><br>Учениците со помош на наставниците се вклучени во проекти и вонnаставни активности (културни и спортски), преку кои се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.<br>Училиштето има воспоставена соработка со родителите преку организирани трибини, предавања, работилници, обуки.<br>Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците.<br>Секое тримесечие се прави анализа на успехот и поведението на учениците и се врши споредба со претходното тримесечие или со претходната учебна година.<br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност.<br>Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни ученички активности.<br>Родителите навремено се известуваат за редовноста и постигањата на учениците.<br>Училиштето има критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите,  пропишани од БРО.<br>Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи форми и методи во наставата.<br>Средбите со родителите добро се организирани, а за постигањата на учениците родителите добиваат евидентни листови, свидетелства,  дипломи.<br>Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, одделенските и предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.<br>Учениците кои постигнуваат успех на натпревари се наградуваат со дипломи и пофалници.<br>Посетата на дополнителната настава влијае за подобрување и продлабочување на знаењата на учениците.<br>Наставниците, родителите и учениците остваруваат одлична комуникација и соработка во реализирање на наставата. |

| **Слаби страни** |
| --- |
| Недоволна посетеност од учениците на часовите за додатна настава поради обемноста на наставните програми и бројот на часови, како и вонучилишните активности (јазични курсеви, спортски тренинзи, приватни часови итн.).<br>Инклузијата на деца со посебни потреби во воспитно образовниот процес освен секундарната социјализација не допринесува во доволна мера за развој на децата со посебни потреби.<br>Расте бројот на ученици со потешкотии и посебни образовни потреби, а одредени ученици со потешкотии во учењето немаат наод и мислење од соодветни здравст-вени установи.<br>Некои родители/старатели одбиваат да ги прифатат насоките дадени од стручната служба и наставниците со што се усложнува целиот образовен процес.<br>Недостаток на образовни и лични асистенти.<br>Повремено неевидентирање на неоправданите изостаноци направени од доцнење поради недостаток на стабилен интернет или преоптовареност на електронскиот дневник. |
| **Приоритети** |
| Организирање на обуки на наставници за работа со инклузирани ученици и со талентирани ученици. |

**Подрачје3:Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме**

Од направената анализа на резултатите од обработените прашалници, документите кои се обработени, како и другите методи што се користени за собирање на податоците, се издвојуваат следните јаки и слаби страни на училиштето, како и приоритети за подобрување.

Училиштето е добро етаблирано и препознатливо во локалната заедница, со активна соработка меѓу родителите и заедницата. Родителите изразуваат задоволство дека нивните мислења и ставови се почитуваат и влијаат на одлуките кои се донесуваат во училиштето. Постојат активности и проекти реализирани во соработка со Општината, кои придонесуваат за унапредување на образовниот процес и заедницата.Училиштето е мултикултурна средина каде што учат ученици од македонска, ромска и албанска националност. Оваа разноликост го поттикнува негувањето и унапредувањето на мултикултурниот дијалог и создава средина на почитување и ценење на различните култури. Исто така, разновидната програма на воннаставни активности дополнително ги зајакнува врските меѓу учениците и нивниот ангажман во училишните активности.Училиштето има кодекс на однесување кој го почитуваат сите структури, вклучувајќи и пишани процедури за постапување во случај на прекршување на правилата. Работната атмосфера за време на наставата и воннаставните активности е позитивна при што вработените активно се грижат за однесувањето на учениците, создавајќи средина на безбедност и прифатеност. Активниот Ученички парламент ги застапува интересите на учениците и редовно иницира активности за подобрување на работата во училиштето.Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените, што придонесува за позитивна и поттикнувачка атмосфера. Учениците и вработените се поттикнати да се грижат едни за други и за училиштето, промовирајќи култура на почитување и поддршка. Сите ученици се третираат еднакво и правично во активностите организирани од училиштето, независно од нивниот успех во учењето, однесувањето, дисциплината, етничката припадност, социјалниот статус, пол, верска определба и слично.Иако училиштето има системи за поддршка, одредени ученици, поради социјални фактори, често покажуваат нарушено однесување и имаат проблеми со дисциплината, што бара дополнителни ресурси и напори за нивно справување. Училиштето има мала вклученост во надворешни проекти и програми, што ја ограничува можноста за дополнителни ресурси, финансии и искуства кои можат да придонесат за унапредување на наставата и воннаставните активности. Не сите ученици се подеднакво вклучени и заинтересирани за работата на Ученичкиот парламент, што понекогаш доведува до нерамномерно претставување на ученичките интереси и иницијативи.

Приоритетите за иднина вклучуваат подобрување на академскиот успех на учениците преку воведување на нови методи за учење и обезбедување на дополнителна поддршка за учениците кои се соочуваат со тешкотии. Се препорачува зголемување на вештините на наставниците преку обуки и професионален развој насочен кон спроведување на активности за унапредување на ученичкиот активизам и иновативни наставни методи. Активностите на Ученичкиот парламент треба да се поттикнат и поддржат со цел да се зголеми учеството на учениците во донесувањето на одлуки и решавањето на проблемите.Понатаму, потребно е продлабочување на соработката со родителите преку нивно активно вклучување во наставните и вонаставните активности, организирање на работилници и предавања за подобрување на воспитно-образовниот процес, спречување на насилството и запознавање со правата на децата. Се препорачува и зголемување на учеството на училиштето во надворешни проекти и програми, кои ќе донесат дополнителни ресурси и можности за развој.Со овие приоритети, училиштето ќе може да ја подобри својата образовна понуда, да ги зајакне врските меѓу учениците, наставниците и заедницата и да создаде поинклузивна и поддржувачка средина за сите ученици.

**Силни страни**

Соработка на училиштето со родителите/ старателите

**С**огласноста на родителите дека се почитуваат нивните мислења и ставови за унапредувањето на воспитно- образовниот процес и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.

Соработката со Општината во спроведување на заеднички проекти кои се во интерес на училиштето и заедницата

Училиштето е добро етаблирано и препознатливо во локалната заедница и активно соработува со истата.

Училиштето е мултикултурна средина каде што учат ученици од македонска, ромска и албанска националност, активно работи на негување и унапредување на мултикултурниот дијалог и создава средина на почитување и ценење на различните култури.

Училиштето има богата програма на воннаставни активности со што дополнително се зајакнуваат врските меѓу учениците и нивниот ангажман во училишните активности.

Училиштето има кодекс на однесување кој го почитуваат сите структури, вклучувајќи и пишани процедури за постапување во случај на прекршување на правилата.

Во училиштато се одржува работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените активно се грижат за однесувањето на учениците, создавајќи средина на безбедност и прифатеност.

Училиштето има активен Ученички парламент кој го одразува етничкиот состав на училиштето и ги застапува интересите на учениците

Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените, што придонесува за позитивна и поттикнувачка атмосфера.

Учениците и вработените се поттикнати да се грижат едни за други и за училиштето, промовирајќи култура на почитување и поддршка.

Еднаков и правичен третман на сите ученици во активностите организирани од страна на училиштето независно од нивниот успех во учењето, однесувањето, дисциплината, етничката припадност, социјалниот статус, пол, верска определба и слично.

Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието преку однапред изготвена програма, информирање за конкурсот за запишување во средните училишта на одделенски час, спроведување на прашалник за професионални интереси,и користење на промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.

Училиштето води грижа за хигиената при што редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација, како и повеќепати во текот на денот, ходниците, скалите и тоалетите.

Слаби страни

Иако училиштето има системи за поддршка, одредени ученици, поради социјални фактори, често покажуваат нарушено однесување и имаат проблеми со дисциплината, што бара дополнителни ресурси и напори за нивно справување.

Училиштето има мала вклученост во надворешни проекти и програми, што ја ограничува можноста за дополнителни ресурси, финансии и искуства кои можат да придонесат за унапредување на наставата и воннаставните активности.

Не сите ученици се подеднакво вклучени и заинтересирани за работата на Ученичкиот парламент, што понекогаш доведеува до нерамномерно претставување на ученичките интереси и иницијативи.

Недоволна вклученост на родителите во активностите во училиштето поврзани со спроведување на работилници и предавања за подобрување на

| |
|---|
| воспитно-образовниот процес, спречување на насилство, запознавање со правата на децата.<br>Иако училиштето има прогарама за работа на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител, како тим за училишна интеграција, сепак сметаме дека учениците треба поактивно да се вклучат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки и зајакнување на училишната клима и демократските односи во училиштето<br>Училиштето има застарени ППА кои се постари од 40 години и иако се редовно сервисирани немаат вонреден контролен сервис.<br>Училиштето нема истакнато знаци на видно место за  забрането  внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. |
| **Приоритети**<br>Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки - промовирање на ученички активизам за зајакнување на училишната клима и демократските односи во училиштето<br>Продлабочување на соработката со родителите - Учество на родителите во реализација на наставните планови и програми и во воннаставните активности |

**Подрачје4:Управување и раководење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Од направената анализа на резултатите од обработените прашалници, документите кои се обработени, како и другите методи што се користени за собирање на податоците, се издвојуваат следните јаки и слаби страни на училиштето, како и приоритети за подобрување.

Постојаниот контакт и консултациите на раководната структура со вработените при разрешувањето на проблеми во училиштето. Јасно поделени одговорности во раководните тела и органи и меѓусебна соработка. Информираност на сите субјекти кои се вклучени во образовниот процес во креирањето и планирањето на училишната политика. Правилно, законско и успешно работење на Училишниот Одбор и раководниот орган . Добра комуникација меѓу органот на Раководење и органот на Управување со другите структури на училиштето.Прецизно и јасно дефинирани надлежности на органите . Професионалност, компетентност и посветеност во извршувањето на работните задачи. Визија за преземање понатамошни активности за подобрување на условите за работа во училиштето.Навремено информирање на членовите за одржување на состаноците. Секогаш обезбеден кворум за одржување на состаноците . Учество на директорот на сите семинари, обуки и состаноци на кои се разгледуваат важни прашања за работата научилиштет

Почитување на статутарните и деловничките обврски во работење на училишниот одбор при донесувањето на одлуки; Почитување на законските прописи при донесувањето важни документи .Отворена комуникација и соработка на директорот со наставниот кадар и родителите,.Има изготвен оперативен план за заштита и спасување од пожари и елементарни непогоди.Наставниците и родителите се запознаени како се троши буџетот на училиштето УО секогаш ги објавува транспарентно донесените одлуки .Набавката на основниот потрошен материјал во целост ги задоволува реалните потреби .Училиштето поттикнува професионален развој на наставници учество во интерни и екстерни обуки Обезбедување на средства за задоволување на потребите на училиштето

**Силни страни**

Што се однесува за соработката на членовите на Училишниот одбор со тимот за раководење и управување на ООУ„Аврам Писевски“ може да кажеме дека е на високо ниво.Може да се произнесеме и за нивното мислење како извор ќе го наведеме дел од интервјутосо членовите на УО:
Директорот со својата работа и однесување е пример за вработените во училиштето.
Директорот има придонес во афирмацијата и угледот на училиштето.
Раководниот орган бара одговорност и работна дисциплина.
Обезбедува услови за соработка со родителите и ја почитува иницијативата на Советот на родители.
Развива добра соработка со локалната заедница.
Соработува со други училишта и организации.
Го обезбедува маркетингот на училиштето.
Членовите на УО; сметаат дека директрот редовно поднесува извештај на Училишниот одбор за активности кои се одвиваат во училиштето.
Редовно поднесува извештај за својата работа на Училишниот одбор
Се грижи за остварување на развојниот план на училиштето.
Организира педагошко -инструктивен увид и превзема мерки за унапредување на работата на наставниците и стручните соработници.
Превзема мерки за извршување на препораки од просветниот инспекторат и просветните советници.

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>Приспособување на училниците за кабинетска настава.<br>Обновување на информатичка технологија.<br>Збогатување на фондот на библиотеката со лектирни изданија и стручна литература |
| **Приоритети**<br>Доопремување на системот за заштита во кризни ситуации- Поставување на алармен систем за реагирање во кризни ситуации. Оваа развојна цел сеуште не е реализирана во целост<br>Поголемо вклучување на учениците со свои мислења, предлози и ставови во донесувањето на одлуки преку Училишниот Парламент каде учениците ги изнесуваат своите ставови, предлози, мислења во донесувањето на одлуки.<br>Реализирање на обуки кои овозможуваат активно учество на учесниците во самата обука, како и интерни обуки, со оглед на тоа што структурата на воспитно-образовниот кадар се менува и имаме се поголем број на наставници почетници. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- Набавка на различни материјали за учење;
- Поголема вклученост на учениците во избор на изготвување на план за воннаставни активности;
- Организирање на обуки на наставници за работа со инклузирани ученици и со талентирани ученици;
- Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки - промовирање на ученички активизам за зајакнување на училишната клима и демократските односи во училиштето;
- Продлабочување на соработката со родителите - Учество на родителите во реализација на наставните планови и програми и во вонаставните активности;
- Доопремување на системот за заштита во кризни ситуации- Поставување на алармен систем за реагирање во кризни ситуации. Оваа развојна цел сеуште не е реализирана во целост
- Поголемо вклучување на учениците со свои мислења, предлози и ставови во донесувањето на одлуки преку Училишниот Парламент каде учениците ги изнесуваат своите ставови, предлози, мислења во донесувањето на одлуки.
- Реализирање на обуки кои овозможуваат активно учество на учесниците во самата обука, како и интерни обуки, со оглед на тоа што структурата на воспитно-образовниот кадар се менува и имаме се поголем број на наставници почетници.

Комисија за спроведување на СЕУ: